# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Сто и единаесетатта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јули 2002 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто и единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јани Макрадули, Радмила Шеќеринска и Благој Ханџиски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата сега присуствуваат 64 пратеници, и постојано доаѓаат нови.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија г-динот Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет и претседателот на Советот за Радио-дифузија.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по инта постапка да донесе Законот за дополнување на Законот за платниот промет.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основаната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Во моментов нема претставник на Владата.

Ве молам, под итно да повикате претставник на Владата.

(Доаѓа претставникот на Владата)

Има збор претставникот на Владата, заменик министерот за финансии, Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Предложеното дополнување во Законот за платен промет е неминовно поради констатираната состојба во однос на реализацијата и прибирањето на придонесите во првата половина на 2002 година. Со оглед на фактот што на Фондовите во Републиката неопходно им е потребен дополнителен временски период за организирање и заострување на мерките за контрола на прибирањето на придонесите од плати, а со цел обезбедување на социјална сигурност на граѓаните во земјата, се наметнува потребата носителот на планиот промет да не дозволи исплата на плата, доколку претходно не се платени даноците и придонесите.

**СТОЈАН НАДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 48 за, 17 воздржано и 3 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Пратеникот Милан Ставрев предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високо образование, со Предлог на закон.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето)

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 46 за, 14 воздржано, и 5 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратениците Билал Љутфии и Ѓулистана Марковска предлагаат: на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за одбрана.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор, г-динот Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, не сакам многу опширно да ја образложувам итноста за донесувањето на овој закон, од причина што веќе сме сведоци на фактот што многу

граѓани, многу млади луѓе од нашата земја, од објективни причини, имајќи ги предвид објективните причини 1990, 1991 и 1992 година, заправо тие што сега наполниле 30 години возраст, би требало 1991, 1992 година да го опслужат воениот рок. Но, времето за кое зборуваме и причините зошто го направиле тоа сите ги знаеме.

Затоа сум на мислење дека овој состав на Собранието би требало да им излезе во пресрет на овие луѓе и тие да си го продолжат животот, да не бидат гонети од правосудните органи, така што имајќи го предвид фактот што овој предлог на закон за дополнување на Законот за одбрана, не е опширен, мислам дека е ред да се стави на дневен ред и да помине.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 37 за, 23 воздржано и 8 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот. Има збор госпоѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Со оглед на тоа дека гласавме, мојата забелешка во овој случај, со оглед што сум предлагач на законот, е од процедурален карактер и барам поддршка од 10 пратеници за да спроведеме поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници кои го поддржуваат овој предлог? (Повеќе од 10 пратеници креваат рака).

Молам да се спроведе поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ЧУКАЛИЕВА-ОГЊАНОВИЌ:**

ЈОНУЗ АБДУЛАИ -**За**
АБДУРАХМАН АЛИТИ -**отсутен**
АБДУЛА АЛИУ -**отсутен**
ЌАНИ АЛИУ -**за**
МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ -**воздржан**
СТОЈАН АНДОВ -**за**
КИРИЛ АНДОНОВСКИ -**за**
МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА**воздржана**
ЉУПЧО АНУШЕВ -**отсутен**
АМДИ БАЈРАМ -**отсутен**
ДЕМУШ БАЈРАМИ -**отсутен**
ФАДИЛ БАЈРАМИ -**за**
ДИМИТАР БАТКОСКИ -**за**
МЕРСЕЛ БИЉАЛИ -**за**
ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА -**за**
ЈОРДАН БОШКОВ -**отсутен**
ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ -**против**
АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ -**отсутен**
СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ -**за**
ВАСИЛ ГАЦОВСКИ -**за**
МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ -**за**
ТРАЈКО ГЕШОСКИ -**за**
АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ -**воздржан**
ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ -**отсутен**
ПЕТАР ГОШЕВ -**против**
СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ -**За**
ЗАМИР ДИКА -**отсутен**
ВАНЧО ЃОРГИЕВ -**отсутен**
ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ -**воздржан**
ФАТМИР ЕТЕМИ -**отсутен**
ВАСИЛ ЕФТИМОВ -**за**
НАСЕР ЗИБЕРИ -**отсутен**
ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО -**отсутен**
МИРКО ИВАНОВ -**против**
ИЛИЈА ИЛОСКИ -**против**
ДЕЛЧЕ ИЦКОВ -**за**
ЖАРКО ЈАНКОСКИ -**за**
НИКОЛА ЈОВАНОВ -**отсутен**
ВЕСНА ЈОВАНОВСКА -**за**
МАРИКА ЈОРДАНОВА -**за**
НАЗМИ КАДРИУ -**за**
РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ -**против**
ЖАРКО КАРАЏОСКИ -**за**
РЕНАТА КЕРПИЧОСКА-БОШЕСКА-**за**
МИТКО КИРОВ -**за**
ЛАЗАР КИТАНОСКИ -**воздржан**
САВО КЛИМОВСКИ -**отсутен**
СТОЈАН КОВАЧЕСКИ -**воздржан**
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ -**за**
ИЛИЈА ЛАЗАРОВ -**за**
ГОРАНЧО ЛАЗОВ -**воздржан**
БИЛАЛ ЉУТФИИ -**за**
ЈАНИ МАКРАДУЛИ -**отсутен**
ВАСЕ МАНЧЕВ -**отсутен**
НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ- ДИМОВА-**отсутна**
ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА -**ЗА**
ДИСПИНА МАРКОВСКА -**за**
ЗВОНКО МИРЧЕСКИ -**против**
ДРАГАН МИТЕВСКИ -**отсутен**
КИРИЛ НАСТЕСКИ -**воздржан**
РУБЕНС НАУМОВСКИ -**за**
ГОРАН НЕВЕНОВСКИ -**отсутен**
ЛАТИФ ПАЈКОСКИ -**воздржан**
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ -**за**
ВАНЧО ПАНЧЕВ -**за**
ИЛИЈА ПЕМОВ -**за**
ТИТО ПЕТКОВСКИ -**отсутен**

ЧЕДО ПЕТРОВ -**отсутен**
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ -**за**
АЗИС ПОЛОЖАНИ -**отсутен**
СТОЈАН ПОПОВ -**отсутен**
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ -**воздржан**
НИКОЛА ПОПОВСКИ -**отсутен**
ИЛИЈА ПРАНГОСКИ -**за**
ИСМЕТ РАМАДАНИ -**отсутен**
ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ -**воздржан**
НЕНАД РИСТОВСКИ -**отсутен**
АЦЕ САЈКОСКИ -**за**
АСЛАН СЕЛМАНИ **-за**
БОРЧЕ СИБИНОВСКИ **-за**
ВАНГЕЛ СИМЕВ **-против**
РИСТО СПАНАКОВ **-за**
КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ **-отсутен**
ЃОРЃИ СПАСОВ **-отсутен**
МИЛАН СТАВРЕВ **-отсутен**
НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ **-отсутен**
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ **-за**
ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ **-против**
БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ **-против**
ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ **-против**
ВЛАДО СУГАРЕВСКИ **-за**
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ **-за**
РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ **-за**
МУХАМЕД ТАИРИ **-за**
АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ **-отсутен**
МЕВЉАН ТАХИРИ **-отсутен**
МИТКО ТИЛЕВСКИ **-за**
ГОРЃИ ТОДОРОВ **-против**
РИСТО ТОДОРОВ **-против**
ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ **-за**
ПАНДЕ ТОМОВ **-за**
КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ **-за**
ГОРАНЧО ТРАЈКОВ **-за**
ТАНАС ТРАЈКОВСКИ **-отсутен**
АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ **-за**
БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ -**отсутен**
СЛОБОДАН ЌОСЕВ **-за**
ТАКИ ФИТИ -**отсутен**
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ **-за**
ИЛЈАЗ ХАЛИМИ **-за**
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ -**отсутен**
СЕЈФЕДИН ХАРУНИ -**отсутен**
КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА -**отсутен**
БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ -**отсутен**
МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ -**воздржан**
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ -**воздржан**
АРБЕН ЏАФЕРИ -**отсутен**
АЛИЈА ШАХИЌ -**отсутен**
РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА -**отсутна**

Дали има некој кој не го искористил правото на глас?

ФАТМИР ЕТЕМИ-**за**

(по пребројувањето на гласовите)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 77 пратениц, од кои 52 за, 12 против, и 13 воздржано.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Законодавната-правна комисија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со барање за давање автентично толкување на член 54 став 1 алинеја 5 и член 95 од Законот за локалната самоуправа поднесен од Советот на општина Петровец.

Предлогот ви е поделен.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои за гласале 48, воздржано гласале 18 пратеници, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Ристо Спанаков предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за плаќање на дополнителна поштенска марка "Недела на деца" со посебни потреби, со Предлог на закон.

Предлогот на овој закон ви е поделен.

Го молам прддлагачот на законот да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор г. Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван прдтседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани членови на Влада,

Предлагам овој закон да се донесе по итна постапка бидејќи со него се обезбедуваат неопходни средства за изведување на програмските активности на Центарот за детско уметничко изразување, музикотерапија и психовизичка релаксација "Џунџуле" што се однесува за децата со посебни потреби. Тоа се со психофизичка попреченост во развојот, а во согласност со начелата на Светската федерација.

Итноста на овој закон е заради тоа што фондот за филателија при Македонски

пошти, својата програма за финансирање на наредната 2003 година ја носи заклучно со месец септември 2002 година. Бидејќи знаеме дека во месец септември ќе бидат изборите, веројатно тогаш не ќе може да се донесе овој закон, затоа предлагам сега да се донесе овој закон.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на пратеникот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75пратеници, од кои за гласале 67 воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека предлогот Собранието го усвоен.

Претседателот на Владата на Република Македонија ме извести дека министерот за животна средина и просторно планирање поднесе оставка на функцијата и истата ја прифатил.

Констатирам дека со поднесување на оставката на г. Владимир Џабирски му престанува функцијата министер за животна средина и просторно планирање.

Претседателот на Владата на Република Македонија ме извести дека заменикот на министерот за одбрана поднесе оставка на функцијата и истата ја прифатил.

Констатирам дека со поднесување на оставката на г. Борис Змејковски му престанува функцијата заменик на министерот за одбрана.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за именување на членови на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици;

2. Предлог на одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за 2002 година;

3. Предлог на Деловник на Собранието на Република Македонија;

4. Предлог на закон за адвокатурата;

5. Предлог на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за терминска условна продажба на акции при приватизација на "Електростопанство на Македонија";

6. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредити кај Кредитна банка за обнова ("KFW") по Договорот за кредит за Проектот за наводнување на јужниот регион на Вардар, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за кредит за Проектот за унапредување на Цивилната воздушна пловидба, со Предлог на закон;

8. Предлог на закон за дополнување на Законот за платниот промет;

9. Предлог за донесување на закон за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за сметководството за буџетите и буџетските корисници, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за сметководството за непрофатните организации, со Предлог на закон;

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, со Предлог на закон;

14. Предлог на закон за дополнување на Законот за ревизијата;

15. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на финансиски трансакции, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за облигационите односи, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за договорен залог, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за продажба на деловните згради и деловните простории на Република Македонија , со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за заштита на посебното природно богатство, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вино, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот на Фондот за земјоделство, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за земјоделско земјиште, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за водни заедници, со Предлог на закон;

26. Предлог на закон за снабдување со вода, одведување, пречистување и испуштање на урбани отпадни води;

27. Предлог на закон за државна помош;

28. Предлози за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;

29. Предлози за избор на судии на Апелационите судови во Битола, Скопје и Штип;

30. Предлози за избор иа претседатели на основните судови во Битола, Крушево, Кратово, Охрид и Струга;

31. Предлози за избор на судии на основните судови во Битола, Гостивар, Кавадарци, Куманови, Крушево, Охрид, Прилеп, Скопје -I - Скопје, Скопје -II- Скопје, Струга и Штип;

32. Предлог за именување на заменик на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип;

33. Предлог за именување заменици на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Кавадарци, Битола, Гевгелија и Прилеп;

34. Предлог на одлука за огласување именување на заменици на Јавниот обвинител на Република Македонија;

35. Предлог на закон за дополнување на Законот за одбрана;

36. Барање за давање на автентично толкување на член 54 став 1 алинеја 5 и член 95 од Законот за локалната самоуправа поднесено од Советот на општина Петровец;

37. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог на закон;

38. Предлог на закон за плаќање на дополнителна поштенска марка "Недела на деца со посебни потреби".

Предлгам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, од кои за гласале 52, воздржано гласале 7 пратеници, против гласале 15 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, од кои за гласале 64, воздржано гласале 5 пратеници, против гласале 4 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага: предлозите за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија; предлозите за избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип; предлозите за избор на претседатели на основните судови во Битола, Кратово, Крушево, Охрид и Струга; предлозите за избор на судии на основните судови во Битола, Гостивар, Кавадарци, Куманово, Крушево, Охрид, Прилеп, Скопје -I - Скопје, Скопје -II- Скопје, Струга и Штип; Предлогот за именување заменик на Јавниот обвинител на Вишото јазно обвинителство во Штип; Предлогот за именување заменици на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Кавадарци, Битола, Гевгелија и Прилеп и Предлогот на одлуката за огласување именување заменици на Јавниот обвинител на Република Македонија да бидат разгледани пред другите точки од дневниот ред.

Предлогот го ставам на гласање.

(Пратеникот Гештаковски бара збор процедурално). Ве молам, прекинете го гласањето, процедурално збор бара пратеникот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе,

Мислам дека погрешно сте известени, погрешно го известувате и го дезинформирате Парламентот.

Комисијата за избори и именувања ниту побарала ниту поставено е на дневен ред да се менува редоследот на утврдениот дневен ред на оваа седница. Можеби побарал некој член од Комисијата. Сметам дека г. претседателе, бидејќи зедов збор деловнички, како член на Комисијата за избори и именување, да се повикам на вашето обраќање до јавност на Република Македонија преку средствата за јавно информирање кога го донесовте Решението за распишување избори за пратеници во Република Македонија.

Тогаш буквално, не ве цитирам, сакам да истакнам, вие рековте -сега останува на институциите во Република Македонија, на политичките партии на пратениците и на вас како претседател да ги извршуваат своите обврски и задачи за да имаме фер и демократски избори.

Исто така, вие тогаш, македонската јавност преку средствата за информирање ја информиравте - нема да ги распишам изборите додека не се формира Државната изборна комисија. Кога го увидовте значењето на ДИК и кога претседателот на Република Македонија го именува претседателот на ДИК вие најдовте мала можност, што мислам дека е добро, мислам е добро, закажавте седница, по барање на Комисијата за избори и именувања да може да се формира Државната изборна комисија. Бидејќи, ќе ве цитирам вие рековте "нема на кого да го предадам решението да ги спроведе изборните дејствија".

Затоа сметам, врз основа на овие ваши укажувања, врз основа на вашето знаења за важењето на изборите за пратеници, врз основа на рокови на кои инсистиравте дека врви, вие го искористивте рокот од минимум 70 дена, веќе сме во 60-тите денови, би ве замолил и вас лижно и сите пратеници, влегуваме во критична фаза за извршување на дејствијата за избори од страна на Државната изборна комисија.

Затоа, овој предлог не знам од кого доаѓа, не знам која е целта да се изврши избор на судии од Врховен до основните, треба да бидеме свесни, може да одземе ден-два-три во расправа во овој Парламент. Комисијата за избори и именувања заседаваше на вчерашната седница, претседателот на Комисијата со телеграма не извести нас и вас г. претседателе, вие, врз основа на тоа известување, врз основа на задачата и тежината на формирање на Државната изборна комисија ја закажавте оваа седница, со прва точка избор на Државна изборна комисија и втора точка, што е многу важна, Одлука за медиумско претставување што се обврски од Законот за избор на пратеници.

Секое друго менување на дневниот ред значи одредени опструкции на изборните дејствија, значи постоење на претседател на ДИК без членови кој не може ништо да преземе. Сметам дека, со оглед на важењето да се формира ДИК, да дадете пауза, врз основа на познатите факти во јавноста на партијата на ПДП, а НДП не даде свои членови, членот од Законот за избор на пратеници, член 15 став 3 е многу јасен. Сметам да укажам, особено на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, шпекулациите што беа во јавноста, никој нема ништо против одредена политичка партија, согласно законот, да даде согласност за одреден судија на Врховен суд. Ништо не е спорно. Ако ВМРО-ДПМНЕ дојде до одреден член што треба да го избере ова Собрание, кој треба да даде заклетва пред претседателот на Собранието, што треба да се објави во "Службен Вдсник", знаете, јас, не знам таква политичка партија со толкав број на судии од Врховниот суд, особено ако не подвладуваат на ПДПА-НДП која инсистира исто така да се одбере одреден судија.

Сметам дека предложениот дневен ред, тежината на изборот на ДИК, обврските од Законот за пратеници треба да ги почитуваме, да го утврдиме рддоследот на дневниот ред, Комисијата за избори и именување да се состане 5 мин., толку е потребно бидејќи партиските членови на претседателот на Собранието се доставени, на јавноста и пратениците се познати согласностите на судиите на Врховниот суд и во текот на денешниот ден да ја формираме ДИК и да почнат да функционираат роковите. Се друго би било непродуктивно во функција на фер и демократски избори. Предлагам, кога ќе дефинираме од кого е предлогот за измена на дневниот ред, бидејќи не е од Комисијата за избори и именување, да не го поддржиме. Пратеничката група на СДС постапува по она што го кажа претседателот на Собранието. Секој совесно да ги извршува своите задачи, освен ако претседателот на Собранието не мислеше едно, кажува друго, а работи трето.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Една исправка добив од службите, беше напишано дека Комисијата за прашања на изборите и именувањата

предлага, но во писмото што е доставено до службите, до мене па до службите е дека пратеникот Чедомир Краљевски предлага. Во тој дел е точна интервенцијата на г. Гештаковски и му благодарам.

Значи, пратеникот Чедомир Краљевски предлага: предлозите за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија; предлозите за избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип; предлозите за избор на претседатели на основните судови во Битола, Кратово, Крушево, Охрид и Струга; предлозите за избор на судии на основните судови во Битола, Гостивар, Кавадарци, Куманово, Крушево, Охрид, Прилеп, Скопје -I - Скопје, Скопје -II- Скопје, Струга и Штип; Предлогот за именување заменик на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип; Предлогот за именување заменици на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Кавадарци, Битола, Гевгелија и Прилеп и Предлогот на одлуката за огласување именување заменици на Јавниот обвинител на Република Македонија да бидат разгледани пред другите точки од дневниот ред.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 85 пратеници, за гласале 54 пратеници, воздржано гласале 9 пратеници, против гласале 22 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на точката 28 - Предлози за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлозите за избор ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Беќир Исеини да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Молам, кој бара збор.

Има збор г. Карацоски Жарко.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Јас, господине претседателе, сакам да предложам поместување на точка во дневниот ред. Не ми дадовте збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Веќе гласавме. Не може да се помести. Тоа го реши Собранието.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, за гласале 57 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници, против гласале 8 пратеници.

Констатирам дека Беќир Исеини е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по предлогот Ајет Мехмети, да биде избран за судија на Врховниот суд на Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 82 пратеници, за гласале 74 пратеници, воз-држано гласале 3 пратеници и против гласале 5 пратнеици.

Констатирам дека Ајет Мехмети е избран за судија на Врхов-ниот суд на Македонија.

Отворам претрес по предлогот Катица Гошева, да биде избрана за судија на Врховниот суд на Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 81 пратнеиик, за гласале 33 пратеници, воздржано гласале 11 и против гласале 37 пратеници.

Констатирам дека Катица Гошева, не е избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Николче Николовски, да биде избран за судија на Врховниот суд на Македонија. Молам, кој бара збор? Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, во име на пратеничката група на СДСМ, согласно Законот врз основа на кој се предлагаат судии на Врховниот суд на Република Македонија и согласно Законот за судски совет, во име на пратеничката група барам господинот Јордан Десковски, претседател на Републичкиот судски овет пред парламенотот да даде образложение за причините поради кои судскиот совет го предлага господинот за судија .на Врховниот суд.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Процедурално за збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, со оглед на одбивањето на претсе-дателот на судскиот совет...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина.

Господине Десковски, барате ли збор?

Еве господинот Десковски бара збор.

**ЈОРДАН ДЕСКОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Со почит кон сите ќе се изјаснам.

Судскиот совет гласа исто како што и вие гласате. Во судскиот. совет се објаснуваше за овој член, за овој кандидат, затао што сметаат дека тоа е истакнат правник. Тој како вработен обавил стаж за полагање на правосуден испит, како вработен во Македонија спорт, како вработен во судот и положил правосуден испит. Тој работел на транспорт и шпедиција, работел на превоз во својата организација, работел на осигурување, има компанија за осигурување, работел на стопански спорови, понатаму работел на управни спорови. Во правосудството судиите најмногу избегнуваат да работат во Врховниот суд на управните спорови затоа што тоа не се класични спорови.

Судскиот совет сметаше дека тој е истакнат правник. Вистина е тоа што го истакнува пратеникот Никола Поповски, дека тој нема судско искуство. Тоа го кажав: во една прилика во средствата за јавно информирање. Меѓутоа, тој е истакнат правник. Ваше право е дали ќе го изберете или не. Се гласаше за него, гласањето беше тајно, и он е предложен.

Тоа е моето образложение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Пбчитуван претседателе на судскиот совет, почитувани колеги,

Јасеимам почит кон судскиот совет и во принцип ние како партија гласаме за оние предлози кои доаѓаат од судскиот совет. Меѓутоа, мислам дека овде е направен еден преседан кој лошо зборува за правниот систем во Република Македонија.

Во нашиот систем постојат неколку вида на судската власт. Тоа е уставното судство, редовното судство. Другите не ги спомнувам, кои се поврзани со делењето на правото или правдата на РМ. Но, редовното судство постои заради одредена хиерархија и заради хиерархијана искуство, незнаење, проверливост на праксата во која некој правник ги извршува своите обврски и нормална е претпоставка дека секое напредување во дудството е резултат на неговата долгогодишна работа и пред се искуство во праксата, на бројот на решени случаи, пред се позитивно решение случаи. Се се тоа критериуми кои се објективни и се основа за напредување во судската хиерархија. Таквиот начин, доколку се почитува, а во секоја сериозна правна држава се почитува, влева дополнителна верба во правниот систем и во правната држава. Особено тоа се однесува на напредувањето или именувањето во повисоките судски инстанци.

Овој преседан незнам зошто е направен. Дали судскиот совет бил под некој политички притисок. Меѓутоа, ние имаме предлог на човек кој никогаш не работел во судството. Според тоа, тој не би можел да биде ниту судија во Основен суд, а камо ли на некој повисок суд, да речеме на Апелационен суд или на Врховен суд. Тој за да стане судија на Основен суд ќе треба да помине одредена процедура, правничко искуство, да работи во тој сегмент на правото, па да конкурира за судија, да покаже одредени резултати, па ако е квалитетен да оди во повисок суд и дури на крај во повисок суд. Во случајот ние имаме човек кој се занимава со трговија, веројатно, правен референт во Македонија спорт. Тоа е веројатно некоја угледна компанија. Понатаму положува правосуден испит тоа е добро и работи во Сектор за правни и општи работи во Макошпед Скопје.

Ова го кажувам повеќе заради јавноста. Незнам во Макошпед да постои некој судски орган каде тој успеал да го пече судскиот занает, и на некои други места, Комисија за помилување што нема врска со судската функција.

Јас би ги замолил пратениците да не го поддржат овој предлог и овие други предлози. Јас не ги познавам до крај сите овие предлози, меѓутоа имав верба во Судскиот совет затоа што сите тие биле, предлогот за Гошева, јас не ја знам доволно, меѓутоа била судија на

Апелациониот суд во Скопје, или пак Ајет Мехмети, бил судија на Апелациониот суд во Скопје.

Сакам да кажам дека премногу е сериозно прашањето. Кога би можел Судскиот совет сам да го повлече предлогот, би било најдобро да види од сите пријавени кандидати кои ја поминале редовната процедура, почнувајќи од приправници, па судии на основен суд, па судии на Апела-ционен суд, па да дојдат до Врховен суд, бидејќи тоа е изборот односно тоа е начинот за избор на судии на врховните судови секаде во светот па треба да биде и кај нас.

Инаку, ајде Парламентот нека распише, да речеме конкурс за врховни судии од сите трговски претпријатија во Македонија и од сите претпријатија кои се занимаваат со шпедиција, па да видиме кој е најдобар правник, да го предложиме во Врховниот суд на Македонија. Нарочно вулгализиран, ја изострувам работата за да укажам за каков сериозен прболем се работи и во каква смешна ситуација се доведуваме и ние во Парламентот. Меѓутоа за жал иако во судскиот совет има квалитетни правници, кои навистина ги ценам и затоа мојата сугестија е ако можат сами да го повлечат и да дадат нов предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пра-теници,

На денешнава седница Републичкиот судски совет за прв пат во историјата на македонското судство ни предлага да избереме судија на Врховен суд, човек кој нема ниту еден ден судска пракса.

Ние како парламентарна група наСДСМ очекувавме дека претседатлеот на Републичкиот судски совет кој беше замолен да даде образложение зошто токму овој човек го предлага за судија на Врховниот суд на РМ дека ќе даде образложение за тоа колкумина судии од основниоте судо- ви и колкумина судови од основните судови и колкумина судии од апела-ционите судови, а според нашите информации тоа не беа мал број, конку-рираа за ова место, судија на Врховниот суд. И која беше причината што Републичкиот судски совет ги отфрли кандидатурите на сите тие судии на основните судови и на апелационите судови, и ни го предлага, по нивна оценка истакнатиот правник Николче Николовски, за кого што од устата на претседателот на Републичкиот судски совет разбравме дека во Макошпед се занимавал со транспорт и со шпедиција.

Сакам само да ве потсетам дека во кариерата на секој судија е сон во неговата кариера да досегне до судија на Врховен суд на РМ.

Со ова не само што се обезвреднуваат кариерите, можностите, принципите на сите оние кои низ судството минуваат низ маки и го посветуваат својот живот на судските професии, туку истовремено се прави една груба политичка инструментализација на Републичкиот судски совет.

Зошто сметам дека овој предлог претставува груба политичка инструментализација од страна на Парламентарната група односно на Пар-тијата ВМРО-ДПМНЕ. За да и биде на јавноста во Македонија денес јасно, зошто на денешната седница не се избира ДИК, туку одиме со првата точка на дневниот ред, избор на судии на Врховниот суд, само ќе потсетам дека Николчо Николовски е истакнат член на Партијата ВМРО-ДПМНЕ. Не е ништо страшно и опасно, дека Николчо Николовски беше во тимот на ВМРО-ДПМНЕ кој учествуваше во преговорите за потпишување на Рамковниот договор во Охрид, дека Николчо Николовски е претставникот на ВМРО-ДПМНЕ кој заедно со нашите претставници ја парафира секоја страница од Рамковниот договро во Охрид и тогаш како правен советник на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Втора работа, ние денес не ја избравме ДИК само со цел на денешната седница Николче Николовски, истакнатиот член на ВМРО-ДПМНЕ кој попништо друго не е заслужен да стане судија на Врховниот суд освен штое член на таа партија, да биде избран за судија на Врховен суд, за веднаш потоа ова Собрание односно Парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ да ни предложи пауза, да биде испечатен Службениот весник во кој ќе биде објавен неговиот избор, за веднаш потоа ВМРО-ДПМНЕ кој сеуште нема предложено член на ДИК од редот на судиите на Врховниот суд, токму него да ни го предложи за член на ДИК. Оттаму сакам да го потсетам Републичкиот судски совет дека влегува во сопствена груба политичка инструментализација со која и нанесува трајна штета на неза-висноста на судството, трајна штета на угледот на судството и трајна сштета на независноста на

политичките институции, на поделбата на власт во РМ. Оттаму, исто така како и моите колеги во име на пратеничката група на СДСМ од претседателот на Републичкиот судски совет барам де-нес да го повлече овој срамен предлог и да не дозволи да биде на овој груб начин инструментализиран во РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Вообичаено, нели уште десетина дена ќе работи Парламентот и сватливо ми е да се прави политички маркетинг.

Јас очекував правно да се протолкуваат работите, но повеќе од просторот кој беше одделен овде, беше во една политичка конотација и сметам дека во тој правец треба и да одговорам. Нели, неможам да спорам со еминентни правници, како што ги има и во Парламењнтот и во државата. Мојата скромна маленкост ќе се потруди политички да одговори. Прво, на обвинувањата од господинот Горѓи Спасов.

Господине Спасов, мене ми се чини дека 1996 година, кога мнозинството во овој македонски парламент го сочинвуаше СДСМ и кога беа одбрани 630 судии во македонското судство, исто така не се направи груба политичка инструментализација, како што вие велите, или тогаш се работеше за стручна екипа, за стручни луѓе, политички неоптоварени, луѓе кои не припаѓааст на СДСМ, луѓе кои идеолошки не беа блиски до СДСМ, туку едноставни се одбрани луѓе кои се професионалци во сопствената струка. Се ми се чини, а и впечатокот не ме лаже дека луѓето кои ги одбравте во 1996 година, грото, огромното мнозинство беа луѓе блиски до СДСМ и до тогашната владеачка гарнитура. Тоа е првата моја забелешка. Претпоставувам дека ќе станењте да ми одговорите или да ми реплицирате. Претпоствувам дека репликата мене лично нема ништо да ми значи затоа што тоа е јавна тајна, немавте опоненти во власта, ги избравте луѓето кои сакаат да бидат избрани.

Втората работа, господинот Десковски треба да стане да

одговори дали правно формално постои пречка за избор на Никола Николовски за судија на Врховниот суд на Македонија. Сметам дека тој е нај компетентен овде да каже и сметам дека тоа овде јавно што ќе го проговори ќе биде полноважно за мојата одлука.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (продолжение)

Кога веќе говориме за преседани сакам следното да забеле-жам се прави еден/многу пострашен преседан, до колку е ова денеска што го правиме преседан, средба на македонска политичка партија со луѓе кои ја водеа војната во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е надвор од оваа точка.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОФСКИ:**

Нели е тоа преседан, знам дека е надвор, г-дине Лазар Китановски да имате тајни средби со чинителите на УЧК. До скоро тајни, а веќе сега јавни. А кога ќе имам прилика ќе ви го покажам списокот на луѓето кои учествуваа на разговорите во Теарце, не оние што беа објавени во "Вечер" . Да не се удирате многу во гради и да говорите за преседани и да изигрувате патриоти. Се надевам дека ќе имам прилика на оваа седница не по оваа точка јавно да ги кажам имињата со кого сте биле и со кого разговаравте меѓу кои се еден од командантите на ОНА Газим Остреми и да ни продавате овде патриотизам - лажен. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Спасов - реплика.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Само кусо, секогаш кога ВМРО-ДПМНЕ треба да одбрани некое решение кое неможе да се брани, се повикува на постоењето на некаква веќе политичка инструментализација од претходниот период. Секогаш после тоа сум одговарал дека, ако некогаш и некаде било нешто направено од некого, тоа на никого не му дава право таквите грешки да ги прави и таквите грешки да ги прави уште поголеми и уште пострашни од она што биле некогаш.

Тоа е едната работа за која сакав и овој пат да повторам и последната работа, бидејќи сметам дека една груба политичка манипу-лација се користи од парламентарната говорница за некаква средба помеѓу Илинка Митрева и Али Ахмети, само сака да повторам никогаш таква средба не била одржана и сакам да ја информирам јавноста дека Илинка Митрева во времето во кое всушност се посочува дека ја имала средбата со Али Ахмети се наоѓаше и се наоѓа во Виена на официјални средби со претставниците на австрискиот

Парламент и Австриската социјалистичка партија Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дајте да го оставиме другиот дел, да се концентрираме на точката.

Г-динот Флоровски, реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

За уште еден преседан. Нели е преседан да се биде министер за правда, а да не се биде правник, туку политиколог. Во контекс на излагањето на г-динот Китановски, а се однесува на г-динот Горѓи Спасов. Нели е тоа преседан (реакција од страна на пратениците) не е преседан, така?

Уште еден преседан, покрај вас г-дине Китановски уште еден истакнат член на СДСМ беше на тој состанок, г-динот Владо Бучковски, во тој политички контекс а другите ќе ги кажам следниот пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа се политички одлуки, тоа е друго.

Г-динот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници.

Еве, јас уште еднаш ќе ја искористам оваа прилика да им се заблагодарам од име на нашата пратеничка група на "татковската грижа на СДСМ за тоа како треба да работи нашата партија и што треба да пред лага, кого да го предложи. Одсега најверојатно треба нив да ги прашуваме, бидејќи тие најубаво знаат што треба да се прави,,. Тие нека водат за нивните предлози, а за нашите предлози кој ќе биде во Комисијата, кој ќе го предложиме како партија, а исто така ако бараме независно судство треба најмалку да се грижат кого предлага Судскиот совет. Тоа е работа на Судскиот совет и што има сега да се мешаме тука, дури е постапката на донесуваше на изгласувашето на предлагањето на судиите ќе тече вака и Парламентот ќе одлучи дали некој ќе биде или нема да биде судија, а не нивното партиско убедување. Кој вели дека и тие не се пристрасни во нивните настапи? Ние сега така размислуваме, така гласаме, така предлагаме. Утре можеби поинаку ќе се однесуваме ако поинаку сватиме дека работите треба да се одвиваат.

Затоа, нека си ја гледаат нивната работа, нека си ги поддржуваат нивните предлози, нека ги образлагаат, нека не убедуваат дека тие се најдобрите и ако не убедат ние ќе ги прифатиме, најверојатно. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, колеги пратеници,

На дневен ред е избор на судија на Врховен суд. Постоеја некои противења околу квалификациите на предложениот кандидат оти тоа било скандал, оти е преседан, оти ќе се направи со таквиот избор. Не ми е јасно зошто го говореа ова, дали да докажат дека личноста е неквалификувана да врши таква функција или само да се каже затоа што не е од редот на нивните луѓе. Колеги пратеници, дали г-динот Николчо Николовски е доволно обучен, дали има пракса, дали ги исполнува условите предвидени со Законот за судовите. Член 43 од Законот аз судовите предвидува за избор на судија на Врховен суд кандидатот треба да ги исполнува, покрај другите услови предвидени со Законот за работните односи, да има искуство од 12 години по полагање на правосудниот испит. Да покажал труд, да покажал стручност и да работел и да имал работно искуство од правната област. Не е спорно дека колегата Николчо завршил правен факултет 1981 година, не е спорно дека колегата Николчо положил правосуден испит 1996 година, не е спорно дека сега по едно известување на г-динот Ѓорѓи Спасов оваа личност бил правен стручен советник во преговорите во Охрид. Со него соработувал Горѓи Спасов, значи нестручњак примил совети до стручњак, сега му приговара за нестручност. Бара правно искуство, тој бил директор на повеќе фирми и покрај условите што ги истакна колегата Дескоски тој бил и правен застапник. Застапништвото пред судовите била негова основна задача. Искуството во поглед на пра-вото пред судовите се стекнува во работа пред судовите. во работа пред судовите учествуваат судии, адвокати, обвинители и странци. Странките можат да бидат претставени од адвокат или од друг полномошник. До сега тоа Законот го дозволувал. Значи, ние сакаме се што не е од СДСМ да создадеме фама, само СДСМ е форма на постоење на легалитет на цврстина, на знаење, на разум, а другото не е знаење, не е разум нема легалитет.

Овие луѓе навистина треба да се прашаат дали навитина тие тоа го поседуваат. Дали ако дојде на некоја функција и ја врши функцијата затоа што поседуваат одредени квалитети или има само политичка определба. Јас ценам, бидејќи стана збор за одредени министри дека не треба да бидат со тоа образование

што е тема на работа на Министерството или која област ја покрива Министерството, меѓуота, барем минимум сознание да има, да не предава реторика како се говори во аулите на факултетот, туку да знае да применува закон, да го чита законот, да го создава законот.

Во тоа е проблемот, а не дали личноста исполнува или не исполнува услови: Меѓутоа, затоа што е од СДСМ, се е можно, по оној принцип "Скопско" и се е можно". Зарем треба да биде СДСМ Скопско пиво? Ако е така јас застанувам на становиште дека колегата Николчо Николовски ги исполнува сите услови што ги пропишал Законот.

Дали знаете што сакам да кажам. Овој Закон е донесен 1995 година кога СДСМ беше тој што ја водеше целата работа, што значи дека тогаш предвиделе одредени услови како услови за постоење на Закон за вработување, а сега одеднаш викаат скандал, и преседан, се прашува, дали во општеството СДСМ не е скандал и преседан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Спасов бара реплика.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Г-динот Томислав Стојановски го спомна моето име, дозволете, би сакал само да кажам дека апсолутно не се сомневам дека според критериумите на;: пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Николчо Николовски е единствениот што ги исполнува критериумите за судија на Врховниот суд и тие нивни критериуми апсолутно ги почитувал Републичкиот судски совет затоашто покрај Николчо Николовски за истата функција, само да потсетам има конкурирано над 50 судии на основните и на апелационите судови од РМ кои исто така ги исполнуваат критериумите меѓутоа на денешната седница не се предложени од тој ист Републички судски совет за судии на Врховниот суд,

Уште една исправка на г-динот Стојановски, г-динот Николчо Николовски, точно е дека беше за време на преговорите во Охрид, меѓутоа никој од него не примаше совети, тој беше во групата на која требаше да им дава совети на г-ѓицата Доста Димовска, Љибчо Георгиевски во својство на нивен личен дел од групата која ги придружуваше за време на тие преговори.

Одтаму, ако сака да каже дека сум го прифатил тогаш како истакнат правник во врска со тие преговори, тогаш навистина многу се лаже.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе,

Слушав тројца пратеници на ВМРО-ДПМНЕ кои во својот настап пред овој Парламент практично се колнеа во фактот дека нивното гласање не се должи на гласање за членови на нивните партиски органи, туку се должи по основ на гласање на совесност и стручност на кандидатите кои се предложени од Републичкиот судски совет за избот на судии.

Само да потсетам дека пред да ја започнеме расправата за г-динот Николовски кој е сега кандидат за кој расправа Парламентот, г-ѓата Катица Гошева која не ја познавам, меѓутоа, овде пишува дека е судија на Апеланиониот суд во Скопје, која е предложена од г-дата од Републичкиот судски совет за судија на Врховен суд на РМ, само пред 15 мин. пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со гласањето против кандидат за врховен суд г-ѓата Гошева ја доведе во ситуација како судија на Апелационене суд во Скопје да биде предложена од Републичкиот судски совет на овој Парламент и да ја симне со надгласување односно да не ја избере во процедура која со Закон е определена.

Врз основа на фактот дека судии на Апелационен суд во Скопје кои се предложени од Судскиот совет не се бираат во ова собрание, а сега гледаме дека еве на пример и потпретседателот на Собранието со прилична доза на жестина и нервозна не убедува дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по законот и по честа и по совеста и по стручноста ги определува, дозволете ми да се изјаснам дека апсолутно не ми е прифатливо за вистинито тоа што се зборува затоа што ако еден судија на апелационене суд се симнува од гласање со надгласување се руши, како да кажам незнам, за избор на врховен судија, а сега жестоко се брани позиција на човек кој, можеби е добар правник, но не значи дека е добар судија, затоа што не знаеме каков судија може да биде мислам дека нешто не е во ред со критериумите, а и без жестина која се употребува и разни напади од говорницата, треба да соопштиме дека овој Парламент е должен ваквите појави да ги разгледува и да упатува и да укажува на оние кои предлагаат дека тоа не е во ред, меѓутоа, кога тие што предлагаат, предлагаат судии на Апелационен судикои ние ги рушиме,

тогаш јас можам да констатирам дека проблемот за независноста на судството и проблемот со некакво природно скалило во работењето на судовите токму ние самите го рушиме, овој пат дозволете да кажам дека иимам сомневања дека тоа се работи по критериумите на партиската припадност, а не покритериумите на стручност, затоа што се ослободуваат места со вакви предлози на рушење на судски предлози се ослободуваат места во Врховниот суд за да нив ги заземат луѓе кои можеби помалку заслужуваат од нив.

Тоа е она што сакав да го дискутирам,

Второ што сакам да кажам г-дине Претседателе го кажувам во име на Пратеничката група на СДСМ како координатор. Еден пратеник и тоа од повидните и позначајните пратеници на ВМРО-ДПМНЕ кој во овие четири години постојано ги искажува ставовите на пратеничката група на говорница и тоа го уважуваат неговите колеги од неговата пратеничка група туку што изјави во вид на обвинување дека пратеничката група и пратијата која јас ја претставувам не обвини дека има докази дека тесно соработува и се гледа и комуницира и кори планови со г-дата Али Ахмети и г-динот Острени, се разбира, дека тоа не е точно и тоа го демантирам дека е така, меѓутоа, она што сега навистина би сакал да го направам како координатор на пратеничката група е следното барам пауза од половина час, а во тој половина час го повикувам г-динот Флоровски кој тоа го изнесе да излезе на говорница после половина час или да се извини за грубите лаги кои овде ги кажа или приложи докази, бидејќи рече дека ги има дека наши видни членови се среќаваат со лицата кои тој ги наведе.

Со оглед дека ова е сепак јавна говорница, со оглед дека се врши пренос, а тие дезинформации можат да опстојат во јавноста во вид на шнекулирање, се знае преку кои весници и телевизиски куќи веќе од вечер, јас барам половина час пауза и барам после тоа да ни се дадат докази за таквата работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од половина час.

(седницата прекина во 13,50 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,35 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Сто и единаесеттата седница.

Работиме по точката 28.

За реплика се јавува господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Незнам дали е добро да говорам, кога во салата има мал број пратеници. Сакам да одговорам на обвинувањата, всушност тоа не се обвинувања, но ќе ги наречеме забелешки на господинот Поповски, координатор на СДСМ, дека сето она што го пласирав овде пред ова Собрание и пред македонската јавност дека сето тоа што PO зборував било невистина, да не речам лага, па да се извинам.

Прво, мора да ве потсетам за еден таков сличен настан, мислам дека беше по признавањето на Тајван, кога пратеници на СДСМ, а мислам дека и господинот Поповски, го обвини Тупурковски дека примил провизија 30, 40, 50 милиони марки, или долари, не се сеќавам, на што, исто така, од господинот Анушев, ако не се лажам, беше побарано СДСМ да излезе со докази. Но јас ќе кажам дека Парламентот не е судница, некој да се суди и да изнесува докази. Претпоставувам дека доказите ќе може да ги видиме и да ги слушнеме во некое идно време, затоа што државата ни е премногу мала и сите оние збиднувања кои се случуваат, кога тогаш, из-легуваат на виделина.

Јас исто така, ќе се повикам на излагањето на господинот Љубе Бошковски,,кој е актуелен министер за внатрешни работи на митингот во Дебар одржан пррд два дена, каде што јавно кажа пред 800 македонци но по пат на Македонската телевизија слушнав дека господинот Љубе Бошковски кажа дека имало тајна стредба со Илинка Митрева и Али Ахмети. Тоа е првиот момент. А господинот Љубе Бошковски не е министер за екологија, туку е министер за внатрешни работи на Република Македонија. Значи, сепак е добро информиран и срамота ќе биде ако министер за внатрешни работи не е информиран што се случува во неговата држава. Тоа е првата работа,

Втората работа која сакам да ја кажам, односно да му кажам на господинот Лазар Китановски, нема потреба да му се заканува на ветеринарот, знае тој за кого се работи, човекот случајно да не "пропее" ќе кажам друг пат кога ќе имаме точка на дневен ред по вакви прашања и тогаш ќе проговориме отворено за сите збиднувања подземни и надземни во државата. Претпоставувам дека вакните арсенали ќе се исфрлаат во време на предизборната кампања. За господинот

Поповски многу ми е жал што не е секогаш добро информиран, иако сметам дека е можеби пратеник број 1 на СДСМ, која е причината да се кријат одредени работи и дејанија што ги прави СДСМ, мене воопшто не ми е јасно.

Значи, останувам на тврдењето што претходно го искажав дека на тие тајни средби, листата била поширока од СДСМ и од албанската страна од бившите чинители на УЧК. Може некој да ме гледа бледо, тоа е негов проблем, овие сознанија претпоставувам дека некој ќе ги потврди во идно време, а господинот кој ме гледа бледо е човек задолжен за амбе драун работите во сопствената партија, впрочем, тоа и го докажа со првите настани во Хардрок. Значи, писмен доказ ќе ви приложам тогаш кога вие ќе приложите писмен доказ дека Васил Тупурковски примил провизија од Тајван, а можеби побрзо од тоа во некои од македонските медиуми, претпоставувам, можеби ќе излезе информација кој покрај Илинка Митрева присуствувал на таквите средби. Така ли е, господине Китановски? Сигурно дека е така. Никогаш не зборувам на памет. Значи, пред нешто да кажам проверувам од повеќе страни дали се точни информациите, или неточни за да не паднам во сопствената замка и да не се случи овде да бидам предмет на исмејување. Секогаш гледам да бидам аргументиран. Значи работите стојат така, како што ги презентирав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално се јави господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, воопшто не знам што имаме денеска на дневен ред. Дали имаме точка дека некој со некого се сретнал и што направил и како правел, или пак имаме точка колку провизија земал господинот Тупурковски. Мислам дека треба да расправаме по точката, а се друго мислам дека не е во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам господине претседателе. Од излагањето на мојот колега Флоровски можам да заклучам дека тоа што го кажа претходно и самиот нема аргументи. Тој се повика на пишување во "Вечер", говори во Македонската радио телевизија и говори на господинот Љубе Бошковски во својство на минситер и во својство на партиски член на некој настап некаде во Дебар, што значи дека не постојат никакви аргументи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува повторно господинот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ова го спомнав од една единствена причина, затоа што не сакам луѓе кои се лицемери од една страна да ме обвинуваат за соработка со ДПА, а од друга страна господо, вие се среќавате со чинители на УЧК. Која беше улогата на УЧК во Македонија, не треба јас да зборувам. Само од таа причина, тоа го презентирам. Јас овде воопшто не признав дека кажав лага. Уште еднаш ќе ја потврдам истата информација дека имало тајна средба на која присуствувале високи претставници на СДСМ, а од другата страна ќе видиме, времето ќе каже. Можеби јас, можеби некој друг пратеник на ВМРО-ДПМНЕ ќе излезе и ќе каже кои беа претставници од албанската страна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави господинот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Мислам дека нивото е паднато сосема и не гледам причина да реплицирам посебно, меѓутоа бидејќи беше спомнат министерот за внатрешни работи кој е претставник на Владата, како изворни информации, јас не знам дали нему може да му се верува како на министер кој не може да најде камиот со домати кој е сопственик и кој делел од Македонија. Тоа се ситни конструкции, кои немаат никаква врска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И домати и се испомешавте сега. Ајде да работиме.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Јас не сум завршил. Господо од ВМРО-ДПМНЕ нека не ве фаќа нервоза. Знам зошто сте нервозни. Заради нашиот митинг кој имаше 8 0 до 90 илјади луѓе на митингот. Вие не се нервирајте, работете си чесно и ние ќе си работиме чесно и ќе видиме кој ќе биде подобар на изборкте. А со вакви и слични работи, вие не добивате ништо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно се јави за реплика господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Најмалку имав намера текот на расправата и она што е точка на дневен ред да го дезевуирам или дебастирам, како

што вели господинот Фрчковски да ја растурам целата работа, едноставно, бев погоден од лицемерството пласирано овдека. Дали Љубе Бошковски може да фати камион со домати или пиперки, не можам да кажам, додека е успешен ловец на дрога тоа можам да го кажам и да го потврдам и за тоа податоците можат да говорат. Што вие во вашиот период работевте, колку беше активна вашата полиција, колку е активна сега полицијата. Значи, никогаш нашето ниво нема да се спушти на нивото на кое пласираше господинот Лазар Китановски. Утре кога вие ќе бидете со сета почит, ако бидете со сета почит ќе се однесувам кон вас и кон вашата функција. Дали имавте 120 илјади митигнаши, или имавте 80, мене воопшто не ме интере-сира, јас кажав само едно. Ако биле 120 илјади добра половина два скопски комитета ќе се соберат на ВМРО-ДПМНЕ, Чаир и Гази Баба. Ако биле 80 илјади може еден ипол комитет ќе, се собере таа бројка. Договорете се која е точната бројка 120 илјади или 80 илјади, затоа што бројка од 40 илјади, сепак е голема. Кога некој ќе ми говори за чесно работење, може да прифатам. Да ми говори господинот Лазе Китановски за чесно работење задолжен за сите подземни работи на СДСМ, тоа господа не можам да го прифатам. Затоа од сега синоним за чесно работење, нека биде господинот Китановски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас предлагам да ја завршиме оваа расправија и да поминеме

на точката.

Има збор господинот Тито Петковски.

За процедурално се јавува господинот: Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани колега министри, почитувани господа пратеници,

Јас мислам дека овдека во Собранието се талкаме месец ипол а знаете дека доаѓаат изборите, на 7 требаше да се објават а сите гледате што повеќе и повеќе да останеме во Парламентот, меѓутоа, не чувствувате ли дека сме досадни во овој Парламент на граѓаните на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, во ред, готово е.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не е готово господине претседателе. Значи секоја седница секој си зема за право секого некој да напаѓа, значи секој гледа да ја искористи говорницата за секаков маркетинг. Јас мислам дека би требало да бидеме чесни према граѓаните на Република Македонија кои не избрале во овој Парламент и чесно да си одиме од овој Парламент и народот нека докаже за кого ќе гласа. Затоа, дајте денеска дневниот ред и седницата да ја завршиме и што побрзо да го напуштиме Парламентот, затоа што сме многу банални. Гледате дека домати и други работи се спомнуваат. Јас ве молам да се придржуваме на дневниот ред сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ете видете и господинот Амди моли и сите молиме да ја завршиме работата.

Има збор господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги,

Ова на крајот што се случува е најдобра потврда дека парламентите не треба да работат последните два месеца пред изборите. Мислам дека страшно многу се злоупотребува говорницата и тоа од партиите што сме тука во Парламентот и што ги ставаме во многу нерамноправна положба сите политички партии кои што ќе конкурираат за изборите. Мислам дека не е во ред тоа да се прави и според тежиштето на расправата, веднаш со една успешна манипулација на добри мајстори да се префрли на друга страна, а не за она што ние овде расправаме цело време.

Меѓутоа, јас тоа го почитувам и ќе се Придржувам на она што сугерираше претседателот на Парламентот, да работиме на темата, а да го оставиме на страна она што сите сме и во какво светло се претставуваме за тоа ќе имаме шанса пред изборите во предизборната кампања да го зборуваме.

Мислам дека, а сакам пред се до претседателот на Судскиот совет, бидејќи предлогот за изборот, на овој судија потекнува од таму. Јас сум длабоко уверен почитувани колеги дека штетата е направена. Направена е голема штета и кон човекот што го предлага Републичкиот судски совет за кандидат, бидејќи тој сега е веќе делигитениран како судија, односно судија без доверба. Стартува во вршењето на својата функција без доверба. Тоа е мое мислење. Мислам дека е направена штета на Судскиот совет, бидејќи Судскиот совет по Устав е задолжен да води грижа и да предлага истакнати правници судии, бидејќи таков е составот на Судскиот совет. Значи, се фрла темна сенка на работата на Судскиот совет. Исто така и на Врховниот суд ако сакате, бидејќи по Уставот е

највисоката судска институција и инстанца, која што води грижа за единство во спроведувањето на законите во оваа држава. Значи, со самиот факт што одпочнуваме расправа по предлози на компетентни органи, штетата е веќе направена.

Меѓутоа, штетата е направена и со упорно бранење на човек кој што неспорно, партиски да се имплементира во највисоката институција на правосудниот систем во државата, односно во Врховниот суд на Македонија. Штетата е направена, ако сакате и со угледот на Македонија. Ќе кажам зошто.

Главната забелешка на Република Македонија на странските инвестиции за нашето имплементирање во евроатлантските структури е токму тоа корупцијата и непостоењето на правна држава и слободно судство. Фактот што ние расправаме за партиски човек, кој што е неспорно партиски човек да се стави во Врховниот суд, апсолутно е партиско боење и на судот.

Јас прифаќам што имаше овдека сугестии дека луѓе кои што сме ги избрале со парламентарното мнозинство на СДСМ тој овдека 1996 година дека може да им се препише таква боја. Меѓутоа, вие добро знаете во тој состав избран е и еден Таки Џиков, како и многу судии кои што се блиску до партијата или барем Владата ги претстави како свои предлози. Меѓутоа, поентата е во следното почитувани колеги, Немојте предлогот на СДСМ и заложбата да ја сфатите како спровставување да речеме, на ист принцип на работа како партизација на судот. Вие предложивте претсеател на Врховниот суд. Претседателот на Врховниот суд сега што е доаѓа од редот на професори на правниот факултет, никој од составот на СДСМ не се спротивставил. Иако нам ни е многу јасно како дојде за претседател на Врховниот суд? Вие немавте доверба во ниту еден судија во државниот суд за да биде претседател на судот го поставивте господинот Гелевски. Тој доаѓа заради тоа што принципиелно и по законот и по Уставот, апсолутно може да биде судија на Врховниот суд. Тој е истакнат правник, професор на Правниот факултет, меѓутоа, сакам да ве замолам, знам дека тоа е тешко сега, тоа е многу тешко да се направи, вие сте се договориле, бидејќи тој човек веќе го предлагате да биде и претставник на ВМРО-ДПМНЕ во ДИК. Ако може, јас би ве замолил да не правиме штета на Судот. Да не го легитимираме судот како партиска институција, да не ги обесхрабруваме странците за странски инвестиции и да не си ги сечеме шансите за интеграција пред се, затоа што даваме исклучително партиско политичка боја на судството. Ако има толку луѓе јас претпоставувам дека имате луѓе, пријатели и во апелационите судови. Зошто не предложите таков човек. Сепак, тоа е најугледна професија во државата. Или имате заштита на законитост, или немате заштита на законитост. А кога се знае дека зад тој судија стои владеачката партија, бидете сигурни сите други граѓани кои што ќе се најдат во позиција да зависи нивното право од таквиот човек, ќе одат со страв за да биде одличен судија. Јас немам никаква забелешка на него како личност, како правник, како човек кој што се бавел со правни работи, затоа што навистина, немам и неможам да кажам дека има. Тоа е преседан во работата на Врховниот суд никогаш досега во составот на Врховен суд не е предлаган човек што нема судско искуство, нема таков, или барем да биде судија на Основен суд, на Апелационен суд па дури тогаш да оди за судија на Врховен суд. Го делегитимираме судот, му даваме апсолутно политичка боја. Не кријам дека може да има симпатизери вакви.или такви, довербата на луѓето во правниот систем, а особено довербата на странците и странските инвестиции бидете сигурни дека нема да биде на висина за кое што ние посакуваме. Нема гаранција за луѓето дека човек што е избран со партиско мнозинство утре дека ќе биде неутрален, професионален слободен судија во одлучувањето во составот на Врховниот суд.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Гулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа, обично не се согласувам со дискусијата на опозицијата, во еден дел морам да кажам дека се согласувам со г-динот Тито Петковски. Ние денска се наоѓаме во една лично за мене непријатна состојба од причина што решаваме за судбината на луѓе кои што претставуваат значаен сегмент во нашето општество, добар дел од тие луѓе не ги познаваме, а согласно нашиот закон за судови и согласно нашиот систем, тие луѓе ние треба да ги избереме и мораме да ги избереме. Јас жалам што во изминатите години, почнувајки од 1995 година па наваму кога од месец јули е донесен Законот за судовите, не успеавме да се надминеме сите, не зборувам само за нашиот состав на Собранието и за поранешните состави на Собрание кога можеше изборот на судската функција комплетно да се издвои од Собранието и кога за судовите навистина ќе можевме да

зборуваме дека ниту една партија не придонела за нивниот избор и дека меѓу нив како кандидати нема ниту симпатизери, ниту членови. За жал сега нашиот судски совет така како што е поставен мора да ја извршиме нашата денешна задача.

Според тоа, јас не сакам да се согласам со констатација дека во времето кога биле избрани 600 судии, дека сите тие биле на некаков начин фаворизирани од било кое парламентарно мнозинство, Законот за судовите вели дека за кандидат за судија е избран секој оној судија кој што добива повеќе од мнозинството во Собранието. Тука не се вели дали гласало парлааментарното или некое друго мнозинство. Како што е фактот дека досегашната пракса на избор на судии на било која инстанца парламентарното мнозинство не учествувало комплетно за изборот на секој судија, дека во изборот на одредени судии учествувала и опозицијата и дека можеби и тие гласови биле пресудни. Меѓутоа, за жал нашиот систем е таков, не го сменивме и до крај ќе мораме да го подржуваме.

Јас се јавив за кандидатурата конкретно на г-динот Николчо Николовски, бидејќи како човек го познавам лично. Многу ми е драго што ниту еден од опозицијата не кажа дека се работи за човек кој што досега се огрешил во својата професионална и стручна работа, дури индирекно, па еве сега и дирекно, драго ми е што е тоа така, добивме потврда дека се работи за добар правник, за исклучиуелно совесен, професионален човек кој што може успешно да одговори на работата. Инаку, ако го цитирам членот согласно Уставот, членот 32 во кој што се вели дека секому и под еднакви услови на секој граѓанин на РМ му е достапно секое работно место. Ако го цитирам членот 43 од Законот за судовите во кој што се вели дека за судија може да биде избран државјанин на РМ кој ги исполнува општите услови определени со закон за заснивање на работен однос во орган на државната управа кој е дипломиран правник со положен правосуден испит и кој ужива углед за вршење на судската функција, како и тоа дека за кандидат за судија на Врховен суд може да биде човек кој што има работно искуство и потврдени резултати на правни работи над 12 години, тогаш можам да кажам дека овој кандидат апсолутно во ниту било кој дел од законот не се коси неговиот избор за судија. Што значи дека ние денеска ќе избереме квалитетен судија. Не се согласувам дека него ќе го избере парламентарното мнозинство од причина што за него можат да гласаат и сите оние кои што се изјаснија во прилог на тоа дека се работи за квалитетен човек. Овде се рече дека избираме апла партиски кадар. Јас не можам да порекнам дека г-динот Николчо Николовски досега ја подржувал националната кауза. И ако тоа му е грев успешно да ја извршува својата функција во Врховнито суд, тогаш за него нека не гласа опозицијата. Меѓутоа, една работа стои дека ако тргнеме од тоа , вие правевте така, и ние правиме така, верувајте во таа вага навистина ќе направиме лош резултат, затоа што прво, на луѓето ќе им направиме лоша услуга. Второ, на избраните кандидати, а самото тоа се согласувам што ние денеска зборуваме за нив веќе е лоша услуга. Меѓутоа, дека од добрите и подобрите можеби и ќе испаднат некои дека ќе биде сепак волјата на мнозинството во Собрание, не зборувам за ларламентарното мнозинство, конечен чекор за изборот на судија, тоа е факт, заради тоа што нашиот систем тоа ни го дозволува. Според тоа јас не можам да кажам дека кандидатите кои што испаднале биле лоши. Меѓутоа, некој треба да биде избран. Нашиот избор во овој случај преку изборот на судскиот совет ќе биде само гаранција дали ќе биде избран, или неизбран кандидатот, неговата професионалност и начинот на кој што ќе ја обавува својата понатамошна работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас го почитувам ова образложение, меѓутоа не слушнав од претседателот на Републичкиот судски совет кои се гаранциите дека г-динот Николовски ќе биде добар судија. Несомнено тој е добар правник, меѓутоа тој се движел во една сосема друга област, во сообраќајот, во шпедитерството и т.н. Ова е многу одговорна и многу специфична работа. Овде треба многу предзнаење и за процедурата, меѓутоа и за усогласувањето на ставовите судот работи со совет. Која е гаранцијата за ова Собрание дека како добар правник во шпедиција ќе биде исто така добар судија и тоа замислете судија на Врховен суд. Јас мислам дека треба да се согласиме да не го уриваме достоинството на Врховниот суд. Сепак, тоа е најврвната, највисоката судска институција во државата. Заслужува почит и од сите нас како Собрание. И таму мора да се заложиме да бидат најдобрите судии, бидејќи сепак тоа е Врховен суд на Република Макеоднија.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани минситри, колеги пратеници, најпрвин јас би започнал со тоа дека Републичкиот судски совет како што предлага на Собранието кандидати за

избор на судии, така предлага и разрешување на судии. Така што гаранции не можат да се дадат однапред за никого. Ако човекот се потврди во својата работа онаму каде што е избран ќе си работи, ако не се потврди има институција што го цени тоа, ќе поведе постапка за негово разрешување и ќе предложи до Собранието да биде разрешен. Така што гаранции за никого априори не може да се даваат во една насока, или во друга насока.

Изборот на судии во основните, апелационите, оддносно Врховнито суд го привлеквуа вниманието на пратениците и може да се каже дека предлозите на Републичкиот судски совет по правило не секогаш биле усвојувани без да се отвори една поширока дискусија и расправа. Така и денеска расправата доколку е насочена да не се подржи одреден кандидат, а тоа е поткрепено со факти кои би ги убедиле пратениците да не го дадат својот глас за тој кандидат, се согласувам со таквите дискусии. Но, кога дискусиите немаат никакви факти и се дискусии да се дискредитира, навредува кандидатот, таквите дискусии ги отфрлам и убеден сум дека тие дискусии зборуваат и го дискредитираат тој што ги изнесува. Со оглед на тоа што повеќе дискусии се насочени против предлогот на Републичкито судски совет, г-динот Николчо Николовски да биде избран за судија на врховниот суд, а притоа се изнесуваат голем број на нелогичности, аргументи и факти кои воопшто немаат основа се со цел да се дискредитира лично г-динот Николовски, а преку него безобзирно да се напаѓа и партијата ВМРО-ДПМНЕ. Сето тоа не наликува на изборна кампања, туку тое е изборна кампања од најприземните кампањи што досега ги практикува една пратеничка група.

Во мојата дискусија немам намера да се осврнам на пооделни дискусии, бидејки тие дискусии се толку бизарни, неаргументирани и доколку би се обидел да реплицирам би требало да ги срушам сите мои принципи. Затоа ќе се задржам на факти кои генерално ќе ги оспорат досегашните паушални навредливи и ниски зборови изнесени во занесот на изборната кампања. Да повторам она што пред малку го кажа колешката Ѓулистана. Според Уставот на РМ член 32 став 2: секому подеднакви услови, на секој граѓанин на РМ му е достапно секое работно место, односно условите за избор на судија во основен, апелационен, односно врховен суд се пропишани во Законот за судовите донесен во јули 1995 година. Би сакал да ги цитирам условите за избор на судија врз основа на член 43 од Законот за судовите за судија може да биде избран државјанин на РМ кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа кој е дипломиран правник со положен правосуден испит и кој ужива углед за вршење на судиската функција. Општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државна управа се: кандидатот да е државјанин на РМ, да е полнолетен, да има соодветен степен на образование, да има потребно работно искуство, да не му е изречена мерка на безбедност, забрана на вршење на професија, дејност, или должност. Покрај наведените услови за судија на Врховен суд кандидатот треба да биде истакнат правен стручњак, да има работно искуство со потврдени резултати на правни работи над 12 години. Сите предложени кандидати за избор на судии во Врховниот суд ги исполнуваат со закон пропишанит еуслови, односно тие услови целосно ги исполнува и г-динот Николчо Николовски. Републичкиот судски совет врз основа на Уставот на РМ , Законот за Републички судски совет и Законот за судовите како и врз основа на прибавените мислења за стручните и работните квалитети од судовите, органите и другите правни лица каде што работат кандидатите, повисоките судови и Врховниот суд и по извршената објективна проценка на стручните и моралните квалитети на кандидатите, професионалната компетентност и искуство во работата и по претходно изнесено мислење на министерот за правда утврдил предлог за избор на судии кој е доставен до Собранието на Република Македонија. Дали има нешто спорно, дали нешто недостасува , дали нешто е премолчено, дали нешто е одземено од било кој кандидат и е додадено на г-динот Николовски, нема и не може да има, па затоа сите дискусии воопшто не се однесуваат на најбитните законски обврски, услови кои мора да се почитуваат, туку изборната кампања е насочена кон нешто друго. Насочена е кон безобзирно клеветење на еден човек, човек кој убеден сум поголемиот дел од претходните дискутанти за прв пат го прочитале неговото име и презиме. Но, заслепеноста е апсолутна ако тој човек е член на ВМРО-ДПМНЕ, ако тој човек треба и мора да се извалка бескрајно, затоа што во занесот на изборната кампања се валка и понижува една партија преку него. Точно е тоа дека г-динот Николовски е член на ВМРО-ДПМНЕ, точно е тоа дека тој е еден од истакнатите членови на мојата партија, но точно е тоа дека во најголемата партија во Македонија треба да го докажеш и покажеш квалитетот што го имаш за да ја стекнеш

довербата и почитта од партијата. Дали членвувањето во една партија значи дека е забрането да се јавиш на оглас за избор на судија ако ги исполнуваш со закон пропишаните услови. Одговорот е, апсолутно не. Уставот пропишал дека во судовите се забранува политичко организирање и дејствување. Но, истот ака Уставот пропишал дека секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции, но и дека на граѓанит еим се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални-културни и други права и уверувања, како и тоа дека граѓаните слободно можат да пристапуваат кон политичките апртии и од нив да истапуваат. Членувањето во една партија апсолутно не смее да се поврзува и врзува со стручноста, професионалноста, моралноста и искуството во работата, но во конкретниов предлог тоа се прави безобзирно, подло, без мерка и респект кон еден човек. Ако треба да се зборува за стручните квалитети, професиоалноста, моралноста и искуството во работата на предложениот кандидат би требало да одземам пвоеќе време и истото би се протолкувало како реклама, фалење што ниту со еден збор не би сакал да го направам, ниту така да зазвучи и да се разбере. За сите квалитети, за сите аргументи зборува предлогот на Републичкиот судски совет. Законот за судовите е донесен во времето на апсолутното владеење на Сојузот за Македонија, односно на СДСМ. Наивните и неуките можат да веруваат дека СДСМ не можел да предвиди дека еден ден нема да биде на власт. Но, одлично предвидел и тоа го применил во пракса кога се избраа судиите во сите судови во Република Македонија. Општо познато е дека тоа што е пропишано во Законот за судовите е така пропишано за да се изберат судии кои се членови на СДСМ, ПДП и другите сателитски апртии на СДСМ. Па така во Врховниот суд се избрани судии од тогашните општински судови, избрани се судии кои никогаш не биле судии. Сето тоа е овозможено со општата и неконкретна одредба во Законот за судовите, Закон кој многу тешко може да се измени, бидејќи за неговото донесување потребно е двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Сега кога СДСМ не е на власт и кога сме во изборна година, СДСМ без ни малку срам, 6ез ни малку самокритичност не убедува сите нас, а со тоа и граѓаните дека секој што не е член на СДСМ не смее ниту да помисли, а камоли да се осмели да се јави на оглас за избор на судија. Дали тоа не потсетува на времето кога ако не си бил член на партијата од која израсна и ја наследи СДСМ, не си смеел да се дрзнеш, да помислиш, а не да конкурираш на било кое работно место, или функција. За голема и непрежалена вистина за некој тоа време остана во историјата, но за жал денес сме сведоци дека тоа време со сета љубов и желба се посакува . Но, што е трагичното кога ќе се отвори одредено прашање се судруваме со остатоците од едноумието, а за да се сокрие таа вистина, се напаѓа не бирајќи средства и методи да се забошоти вистината, односно да се наметне мислење дека тоа друг го сака и го практикува. Како правник секогаш сум се залагал и ќе се залагам за правна држава, за почитување на Уставот и законите.

Пратениците на пратеничката група на СДСМ многу пати досега се произнесувале за почитување на правната држава, почитување на Уставот и законите. Па затоа сега сум затекнат со изнесените ставови по однос на предлогот на Републичкиот судски совет. Дали почитувањето на правната држава, на Уставот и законите се практикува од време на време. Па, ако е така, зошто толку упорно не се почитува Законот донесен во 1995 година кога несметано од позицијата која ја немаше во Собранието го донесовте Законто за судовите.

Мојата дискусија не 6еше насочена да ги убедам пратениците позитивно да гласаат, туку беше да се каже вистината, а секој пратеник ќе има доволно доблест да гласа во името на вистината. Вистината секогаш е вистина, ако таа се премолчи, а требало да се каже, а се измислува нешто што нема допирна точка со неа, а тоа се нарекува лага. Лагата се употребува да се сокрие намерата, а конкретно лагата се користи за да не се дознае вистината што се практикувала во годините кога се практикувала власта. Поврзувањето на било кој кандидат за судија на Врховниот суд со претстојните парламентарните избори го подразбирам како дозирано, но не прикриено барање, оправдување за можниот пораз, а со тоа опстојвување на политичката сцена на лица кои го изгубиле кредибилитетот и довербата да водат одредена политичка партија. Изборите се тука, изборната кампања ќе 6иде со закон определениот рок, граѓаните ќе одлучат на кого ќе му го дадат мандатот. Па затоа потребно е Собранието да се фокусира на донесување на законите и

другите акти од својата надлежност, оние што ни се најнеопходни да ги донесуваме за овие неколку дена.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани колеги, јас би кажал нежолку збора за ова прашање. Не заради самиот случај. Случајот е еден од илјадниците случаи што ни се случуваат во РМ. И се разбира без трошка надеж дека ќе повлијаам на некаква промена на мислењето на тие што се договориле и што одлучиле да изберат ваков човек, да гласаат за ваков предлог да стане член на Врховниот суд на РМ. Знаете ромскиот народ е многу музикално надарен народ, се надевам Амди Бајрам нема да ме разбере погрешно, многу музикален народ.

Има еден сипматичен виц во врска со таа надареност. Го прашале едно Ромче дали знае да чука на тарабука. Се знае дека најголемиот број од нив знаат и рекол да, знам; го прашале дали знаеш да свириш на кларинет, рекол да, знам да свирам; го прашале дали знаеш да свириш клавир, рекол не сум пробал, но ако пробам можеби знам. И сега, ние имаме аргументација овде, ако човекот проба да биде судија на Врховниот суд, можеби ќе биде добар судија на Врховниот суд. Тоа е главната аргументација што денеска ја слушаме, дека човекот можеби ќе биде добар судија на Врховниот суд. Таа аргументација ја чувме од претседателот на Републичкиот судски совет, од господинот Дескоски, со кого се почитуваме и се познаваме долго време и тој ни рече дека го гласале луѓето таму, го надгласале можеби претседателот, можеби имал друго мислење претседателот. го надлгасале меѓу, еве слушам 50 други кандидати кои што работеле како судии на различни инстанци, кои што имаат зад себе референци, ама ете го надгласале претседателот и овде доаѓа како предлог човек што воопшто не работел во судовите на Република Македонија и наеднаш треба да биде судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Мојата сугестија до господинот Дескоски е, се разбира воопшто нема да ја ублажи и не мора да ја ублажи, да си поднесе оставка од претседател на Судскиот совет затоа што тоа е добро за неговиот кредибилитет и дигнитет, тоа е добро за Републичкиот судски совет, тоа е добро за возраста на господинот Дескоски кој што со многу поголем авгоритет ќе си остане во таа гранка и со многу поголеми етички принципи ќе си ги воспитува и своите внуци, затоа што да се води институција и за да не ти наметнуваат такви партиски предлози кои што немаат блага врска со принципите, со критериумите да се биде член на таков орган е навистина девалвирачки за сите. И за претседателот и за Републичкиот судски совет и за судот во целина, затао што овде слушаме аргументација дека човекот, јас не го познавам, можеби е прекрасен човек, ги исполнувал општите услови и ни цитираат овде и Краљевски и други членови од соодветните прописи дека тој ги исполнува општите услови. Веројатно ги исполнува општите услови и како граѓанин на Република Македонија има право на достапност на секое место. На секое место да конкурира, ама за некои работи се потребни и посебни услови, а за некои рботи се потребни екстра услови да исполнува кандидатот за да биде тоа што треба да биде. А, за да се стигне до судот, до Врховниот суд на Република Македонија треба да се исполнуваат и посебни услови и екстра услови. Се разбира, не е аргументација како работел Сталин 1932-1933 година, не е аргументација како работел Чаушеско, не е аргументација како било и како се работело во 1948 година, не е никаква аргументација како се работело 1992-1996 година и 1998 година. Тоа не е никаква аргументација. Аргументација е како се работи сега, а сега се работи така како што некој вели се работело некогаш. Па, ние треба да почнеме да работиме поинаку од некогаш. Да го чуваме дигнитетот на институциите. Јас деновиве слушам предлози за Советот на Народната банка, од "пумпаши", од членови на Парламентот, од некои други предлози кои што ја девалвираат институцијата, кои што ги исполнуваат општите услови, ама немаат блага врска од посебните услови кои што треба да бидат исполнети за да се биде таму. Се разбира, ќе ги срушиме сите институции во Република Македонија и некои брзаат тоа да го направат, затоа што некои луѓе во Република Македонија се вклучија во калсичен заговор против Република Македонија. За таа тема ако сакате можеме да ја отвориме овде пред Парламентот. Се случува класичен заговор во Република Македонија во кој што учествуваат нависоки функционери во Република Македонија.

Слушаме овде аргументација и признание, чесно признание од Чедо Краљевски дека кандидатот е член на ВМРО-ДПМНЕ. Истакнат член на ВМРО-ДПМНЕ. Е, па добро, во судовите запишаме дека не можат да бидат членови на партии. Не треба да бидат членови на партии. Забрането е да бидат членови на партии, а овој бил истакнат член на ВМРО-ДПМНЕ. Ете, само еден услов кој што е против пропишаните услови во Законот за судовите за избор на судии.

Јас досега обично гласав за предлозите на Републичкиот судски совет кога доаѓаа овде во Парламентот со намера да му се чува со априорна доверба во луѓето, во институцијата која што е уставно ситуирана така како што е ситуирана. Со намера да се брани дигнитетот на таа институција. Со верување дека таму се претресуваат прашањата од аспект на компетентност, стручноста, стручното педигре и т.н.

Господо, на Судот, на Републичкиот судски совет не може да му помогне никој. Не може никој да му направи штета толку колку што сам може да си направи. Не можеме да го одбраниме судот, Републичкиот судски совет, ако самиот не се одбрани. Не можеме Република Македонија да ја одбраниме, ако сама Република Македонија не се брани, ако своите функционери и својот народ не ја брани Република Македонија. Странците во разговорите често пати ни велат, ние можеме да сакаме и да не сакаме да ви помогнеме во врска со некои атаци во Република Македонија кои што доаѓаат од страна, ама ние не можеме да ви ја одбраниме Република Македонија од вас самите, ако вие не ја браните сопствената држава, ако ваши функционери работат така како што работата. Судскиот совет не можеме да го одбраниме овде во Парламентот. Можеме да му наштетиме на Судскиот совет се разбира, ама ако тој не се брани, ако судиите самите не се бранат, ако тие не ја штитат сопствената функција, никој не може од страна доволно да ги одбрани. Затоа до сега гласав за сите предлози на Судскиот совет, но овде не ми се допаѓаше од било кого на предлозите на Судскиот совет и тоа без никакви образложенија, само со машинеријата на гласањето. Без никакви образложенија се елиминираа во претходниот период, во претходните постапки предлози кои доаѓаат од Судскиот совет. Без еден збор образложение им се ставаше дамка на луѓе кои што го поминале филтерот на институциите на судот.

Јас од денеска нема да гласам за ниеден предлог на Републичкиот судски совет. За ниеден, свесен дека меѓу тие кандидати има одлични кандидати, ама јас повеќе не му верувам на Републичкиот судски совет. Кога тој може да ни предложи овде член истакнат на ВМРО-ДПМНЕ, а законот забранува, кога може да ни каже дека ги исполнува општите услови, ама не исполнува ниту еден посебен услов за да се биде член на Врховниот суд на Република Македонија, јас повеќе за ниеден предлог на Републичкиот судски совет не му верувам иако ми е жал ова што го велам, затоа што во тој Судски совет има луѓе што ги почитувам, што ги поминале сите скалила на судската практика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави господинот Бајрам Амди.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани господо пратеници, Јас мислам во државата ако овде битка се води меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ и ЛДП, што нас ромите не мешате во игра на политиката со тарабуки и друго. Бидејќи си баравте тарабука, сега ќе добиете дајре, бидејќи таму од Пирава, таму удираат со дајриња, а не удираат со дајриња. Таму со дајре играат чифте-чифте. Знаете многу убаво.

Друг пат господин Гошев, господине пратениче, господине колега, немојте ромите да ги ставате во игра во Република Македонија, пред јавноста, пред македонскиот парламент и да ги исмејувате, да ги правите музиканти и тарабуканти, циркузијанти. Мислам дека циркузијанти вие бевте господине Гошев со вашиот леб кршење со чистито раце, со кои се обрукавте во Република Македонија. Сакавте да кршите леб, а рацете не ги исправте пред јавноста вода да ви истурат. Со раце го кршевте лебот, прво требаше вода да ви сипат, кај нас муслиманите прво се става вода, се мијат рацете, па го фаќаш лебот. И за тоа друг пат немајте намера да ги добиоте изборите. Си баравте, па најдовте одговор.

Сега овиo избори не леб да кршите, да кршите и тарабуки ќе ви дадам ако сакате и кожа од бик кој тежи 980 кгр. и од дебела кожа тарабука да направите, а не и дајре, не ќе можете, џабе, ќе ви се дупне тарабуката. Овој пат ќе дувате на кавал, а не на тарабука да чукаат ромите. Овој пат нема да бидете ни пратеник господин Гошев. Тоа ви го препорачувам затоа што вие во јавноста знаете, минатиот пат ви беше доворено да бидете мандатар, да прифатие за премиер на Република Македонија, од готово вересија направивте и одбивте. Па, која доверба народот ќе ја има во вас кога вие кога беше мирна Македонија не прифативте премиер, а сега нарочито више од премиер.

(Господинот Стојан Андов го опоменува Амди Бајрам)

Не, не, господин претседателе, номојте да ме прекинувате.

Со ова сакам да упатам апел до сите да не се изигравате со ромите во Република Македонија, затоа што кантите за многу луѓе ги има, ги гледам, кога

доаѓам јас со мерцедес гледам јас и други луѓе во канти и слично, како Гошев што вели за ромите за тарабука. Затоа немој јас да почнам. Ако почнам, кај мене многу кочница на јазик нема немојте кампања да стварате и ромите во игра да ги ставате, затоа што со вас во коалиција ќе дојдеме, а кога, на свети никад. 2014 или 2026 година доаѓаме, имате ром во коалиција и не би требало ромите да ги заземате. Толку нека му биде свеста на тој што влегол со вас во коалиција.

(Реакција на пратениците во салата)

**СТОЈАНАНДОВ:**

За реплика се јави господинот Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господинот Амди очигледно не ме разбра, или ме разбра така како што сакаше да ме разбере.

Он може не да почне и да продолжи и колку сака во врска со Гошев што сака нека кажува, меѓутоа да зависеше од мене нешто, Амди Бајрам немаше да биде во овој Парламент, ќе беше на друго место.

(Реакција на пратениците)

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика господинот Амди Бајрам уште еднаш.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Да му се обратам на господинот Гошев.

Јас му кажувам дека уште шесте мандата ако сака Бајрам Амди ќе биде тука во Парламентот, но јас ако сакам, затоа што јас сум творец на ромите после Фаик Абди. Тоа да ви биде јасно. И ден денеска ромите нормално, Бајрам Амди размислува за својот народ, а вие не размислувате за својот народ, а бидејќи

зборувате дека јас зависам од вас дали јас би бил во овој Парламент, да, кога би било југословенското време, како што беше во време на Југославија може, а сега, сега погледај малку нагоре како свети онаа сијалица таму. (Покажува со прст)

Сега е Македонија. Јас минатиот мандат, сите знаете, јас бев со СДСМ, господин Гошев ако не си знаел, јас бев таму и нека ти кажат кога требаше за Социјалистичка партија да влезат двајца пратеници, сега со вас што се во коалиција, што сакаат да бидат со тебе, за да станат, тие што беа 6-7 партии на чело со Социјалистичка партија која таму направила еден добар блок и кога добија 51.000 гласови, кога требаше уште две-три илјади за да двајца пратеници влезат таму, ви кажувам една добра игра, да знаете дека јас сум опасен играч. Јас сега со лакт гол ќе ти дадам, не се секирај за тоа.

За време на изборите, СДСМ, со кои бев за време на избори и кога требаше Социјалистичка партија двајца пратеници да добијат на пропорционална листа бидејќи немаа доволно гласови, еве го Гештаковски, сега сте сите тука, кога се согласи, да ви кажам јас дека сум сигурен на избори, тоа да ви кажам јас и решителен сум јас. Јас се решив да се повлечам и да се повтори изборот во Шуто Оризари, таму каде што сигурно ќе добие двајца пратеници Ѕинго. Но, благодарение на господинот Гештаковски, еве унапред го кажувам, ми вика, Амди, не се прави од здрав будала, не треба на никого да му помогнеш. Дали ви е јасно? Со тоа сакам да му се заблагодарам на господинот Гештаковски и на господинот Гошев да му кажам малку да седне со господинот Гештаковски и ќе се видиме на избори, да видиме која е моќта, каква е моќта: Јас идам сам, со никого не идам на избори. Еве сега јавно го кажувам. Јас со никого нема да одам. Јас сум лидер на мојата партија и шест изборни единици ќе учествува Сојузот на Ромите па ќе видиме каде сме. Минатиот пат, да видите каков блеф Амди ви игра, јас сум политичар, а не сум аматер, тоа да знаете, тоа да ви биде јасно. Ве навлеков тука да гласате за националности, за да им помогнам на другите националности, а сега Бајрам Амди е спремен со Сојузот на Ромите, со мојата партија на сите шест изборни единици и ќе ви ги цртам тука (покажува со рака на местото каде седи) таму каде седам од таа страна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван господине пратеници, колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Мене ми падна таа чест после овој инспиративен настап на големиот политички играч овде да објаснам зошто сум излезен на говорница и најверојатно ќе ми биде најтешко бидејќи Република Македонија дефинитивно по моја длабока оценка и по оценка на многу други токму од ваквите големи политички играчи, подржани со мини аплаузи од министерот за внатрешни работи кога вака ќе настапуваат на говорница токму се движи во оној правец од каде што враќање нема за оваа држава.

(Рекација на пратениците)

Исто така, тешко ќе биде да кажам зошто излегов на оваа говорница токму по ова прашање иако апсолутно немав намера да дискутирам денес, бидејќи претходните говорници, како господинот Гошев, Никола Поповски и господинот Петковски, Ѓорѓи Спасов и другите од опозицијата дадоа толку аргументи што навистина е банално да ги повторувам истите зошто претседателот на Судскиот совет треба да го повлече овој предлог или зошто воопшто се дрзна да ни го поднесе пред Парламентот денеска. Меѓутоа, дозволете на крај да кажам дека јас, Илија Илоски имам и лична причина да излезам, бидејќи јас сум еден од тројцата пратеници од СДСМ кои надвор од заклучоците на тогашната координативна седница што ја одржа пратеничката група, надвор од личните убедувања што ги имавме на таа седница, јас заедно со моите двaица колеги, Наќе Стојановски и Благој Ханџиски, гласав за изборот на овој претседател на Судскиот совет. И тогаш, кажав дека имам лично и емотивна причина да гласам за овој човек, бидјеќи од прилика им реков, се цитирам себе си, тогаш реков пред мојата пратеничка група дека ако гласам против тој човек, како да гласам против сопствениот татко.

Затоа, дозволете од тие мои емоции да ми дадете и малку повеќе право денес да му кажам на истиот чичко Јордан, да излезам малку од рамките на официјалното обраќање, дека навистина јас сум се прелажал од она што тогаш сум го направил спрогивно на одлуките на мојата пратеничка група.

Дозволете на почеток да го изразам прво моето нескриено чувство дека дефинитивно и во овој човек, за кој бев спремен рака да дадам, глава да дадам, дека нема да подлегне на притисоци, без разлика колку, каде и на кое место, ваков каков што седи Министерот за внатрешш работи ќе седи до него и ќе има битно влијание врз некои негови субјективни одлуки и решенија, дека сепак навистина познавајќи го него и неговата фамилија од внучиња па до него лично и сите нив, дека не можеше ова да го направи што денес нам ни го прави. Со тие потези дефинитивно да се става во оној мозаик...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може да им ги оставите на мир внучињата и фамилиите.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Ве молам, претседателе, другите говорници...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Држете се во рамките на темата.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Дефинитивно не можам да сватам како тој мој чичко Јордан со вакви потези навистина се вклопува во мозаикот кој Македонија дефинитивно ја турка на работ на амбисот. Таман се понадевавме дека доаѓа некој предизборен момент каде што ќе стивнат овие политички глупости шт упорно се прават во изминатите четири години, денес продолжуваме, наместо да избереме државна изборна комисија, продолжуваме со вакви потези кои навистина утре никој не може да ни ги поправи. Наспроти сите очекувања дека ќе престане трендот на вакво пропаѓање на Република Македонија, ние сме блиску до онаа квалификација со последните настани општо што ни се случуваат, особено во духовнит сегмент на државата, дека овој народ успеавме за четири години - тука не бегам ни од сопствената одговорност и мој придонес тука - да го донесеме до работ на духовно пропаѓање, на морално расточување и на крајот господо да го доведеме во состојба каде што, не да живееме во систем на најлоши етнички норми и вредности, ние сега се наоѓаме во квалификација на една состојба, таканаречена состојба на аномија, каде што апсолутно не посто никаков систем на вредности. Дозволете да дадам неколку аргументи за овие пресилни квалификации.

Да ве прашам, чичко Јордане, да ве прашам, ако држите цврсто до своите ставови ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Внимавајте како се обраќате, ве молам.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Да ве прашам г-дине претседател на судскиот совет, ако цврсто држите до вашите етички норми, зошто не си станавте од оваа сала, зошто не си поднесовте оставка во истиот оној миг кога истата оваа машинерија од ВМРО-ДПМНЕ ви го урна предходниот предлог, предлогот број 3, предлогот за г-ѓата Катица Гошева. Неа не ја знам, но ве прашувам вас, зошто, кога вие самиот овде во писмена форма сте ни дале дека таа жена има такви и такви квалификации и меѓудругото кажувате, од самиот ден на дипломирање, вработена во суд и 30 години по судовите, значи од најниското можно судство ниво сега се преферира да влезе во највисокото судско ниво. Затоа ве ставаат во една многу тешка,

непријатна ситуација, госпоѓата марковска, Флоровски и компаниј; како нив, да викаат вие не ја знаете, кој е тој што ја предложил неа. Значи, само тие ја знаат, а вие никој не ја знаете. Таа веројатно ја знае штом дава квалификации. Ве прашувам зошто не си поднесете оставка и преминувате преку сите овие притисоци на оваа опасна машинерија овие четири години овде што работи во парламентот и не кажете дека госпоѓа-та Катица Гошева не му е братучетка на Петар Гошев, зошто ја предлага, туку има 30 години судско искуство и затоа ја предлагам, па со бел об-раз излегувате овде и образлагате. Ако тогаш не реагиравте, зошто сега малку не реагирате на нашите упатени квалификации дека ние апсолуа но ништо немаме против некој човек што се вика Николче Николовски и дека апсолутно се согласувам, не го познавам лично човекот дека може да биде најдобриот правник на  светот, најдобриот адвокат да бил, нај-добриот возач во тоа претпријатие каде што работи, како што во образложението ни кажавте дека бил возач, шпедитер, транспортер итн., и се занимавал со шпедитерско право. Сето тоа е во ред. И ова од Чедомир Краљевски го прифаќаме дека има правна рамка тој да биде избран за судија во Врховниот суд. Меѓутоа, Вие не смеете, зборувам вие како човек, а не како претседател на Судскиот совет, да дозволите, да подлегнете на притисоците на Александар Флоровски. Само така, ќе се одбрани оваа држава и никако поинаку, апсолутно. И на притисоците од г-динот Бошковски тука што не ми аплаудира, а тој ми рече дека ќе ми аплаудира, така што вие имате целосно право да ја прекинете седницата да речете, чекајте луѓе, на што ви личам јас, на што личат тие луѓе што се како најкомпетентни избрани токму од овој парламентарен претставнички дом, за да водат сметка за ресорот судсво во државата, како може едноставно судија од 30 години да не се избере, сега имаме правник па да се избере директно во Врховниот суд.

Ако некој се навреди од вицот на г-динот Гошев, и анегдотата што ја кажуваше, јас во друга форма ќе ви кажам. Некого го прашале знаете да возите велосипед? Може би знам, вели, не сум возел досега. Може би знае, ајде да не го кажуваме вицот со пијаното.Така, сакам да хажам дека не може со такво бледо објаснување да излеземе овде и да кажеме тој е добар човек. Се согласуваме, меѓутоа, ако е добар, му ја компромитирате неговата лична добрина, го компромитирате него, го компромитирате судот, не компромитирате сите нас овде. Апсолутно сме ставени во мат позиција да незнаеме што да правиме.

Ви гарантирам, дајте да ја продолжиме седницата, јас ќе ја соберам пратеничката група, ќе ги преколнат сите да гласаат за човекот и ќе го изгласаме. Јас ви гарантирам уште пет предлози ќе ви паднат. Знаете зошто? Јас ќе ја убедам мојата пратеничка група...

(Реакција на потпретседателот Томислав Стојановски со зборовите"со што реагираш?").

Господине Стојановски, за СДСМ малку повеќе гаранции можам од вас да дадам.

Ако ја продолжиме седницата, гарантирам дека пет предлози пак ќе паднат. Зошто дозволувате да се вратиме утре во Дебарца со извалкан образ? Зошто?

Господинот Бошковски се смее,  зашто нему му е сеедно дали Челопек може или не може. Ние не сме такви од Дебарца, чичко Јордане.Не сме такви ние.Ние треба утре да се вратиме таму и да кажеме дека со чист образ, со крената глава, да им речеме - луѓе, колку можевме, толку сторивме, да му го изменам умот на овој првиот и на овој првиот одовде не можам никој пат, колку беше нашето и толку сме направиле.

Затоа е добро или да го повлечете предлогот или дури се смее Љубе Бошковски излезете си надвор, нека се смее тој пак. Тој цел живот во очи ни се смее и цел живот плаче половина народ од него што се смее. Ме разбирате? Ич не седи до него, пресе ли се до Војчета од другата страна. Пак ќе дојде тој таму и пак ќе ти рече Николче Николовски да го предложи. Значи сега имаме компромитација на судот, имаме компромитација на парламентот, имаме компромитација на човек за кого е неблагодарно да кажуваме. Кажуваме дека направен случај без преседан, апсолутно без преседан, случај каде што човек директно од прва клупа од прво одделение му велиме сега си доктор на науки во Бранша. Вие треба да го научите механичар да биде, да врти штрафови па да му речеш сега си инженер во "Мерцедес". Не може сега така оддеднаш, ајде сега судија ќе го направиме. Зошто? ВМРО не притисна. Не оди така.

Затоа, ако овие мои емотивни искажувања, што се за прв пат во парламентот, секогаш сум бил прагматичен кога сум говорел за економски теми, ако

допреа до вашата свест и совест, ве молам или пред-логот повлечете го или одете си од тука каде што седите и речете ке сум тука, правете што сакате, еве ви ги папирите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема реплики, ве молам.

За збор се јави г-динот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Веднаш да кажам, испровоциран сум од претходниот дискутант а особено од анегдотата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова не е реплика, си добивте збор.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Не, барав реплика но не добив право за тоа, побарав збор и добив. Веднаш ќе кажам дека тоа е испровоцирано од дискусијата односно анегдотата на г-динот Гошев, а и од претходиот дискутант. За претходниот дискутант ќе спомнам само една работа. Не можам да се изначудам човек кој што во времето додека беше директор на Македонската царина, куп луѓе станаа Тобако босови, сега тие луѓе возат не бесни коли, туку такви коли можат во Милано да се видат. Истиот тој човек сега да зборув тука за славна Дебарца и со каков образ кој ќе си оди - зошто - затоа што г-динот Десковски предложил човек за судија на Врховниот суд кој што не му бил нему по мерак. Истиот тој човек, кога беше директор на царина, тоа не беше тајна, и ден денес тие луѓе не се срамат да ги по-кажат парите, од пет пари што немаа направија тешки милионери,незнам какви куќи купија, незнам какви возила возат, незнам што се не прават во градот. Тие луѓе не се срамат да кажат дека во времето на г-динот Илоски, додека беше на царина, прекрасно работеа, работеа со цигари, нафта и незнам што. Сега дојде ред тој човек тука да ни зборува за поштење.

Ќе се вратам на онаа анегдота што ја кажуваше господинот Петар Гошев, кој вистински ме испровоцира. Пред десетина дена се будам, доаѓам накај Собрание и го гледам градот, тоа беше непосредно ден два пред да го одржи СДС митингот со коалицијата во Скопје, исто така и го гледам името на г-динот Гошев "Гошев за премиер", "Гошев е еден", "Гошев е најдобар, нема како Гошев', целиот град преплавен со тоа и зачуден и шокиран да не речам, се јавувам кај еден пријател од СДСМ кој што исклучително го ценам па му велам, зарем вие ќе настапуват! како СДСМ со овој човек, како премиер. Зарем повек кој кога беше член на Народната банка се случи најголемата афера, а се декларира како некој виден економист, се случи најголемата економска афера ТАТ. Зарем човекот кој се докажа како неспособен лидер на три четири партии, избркан и протеран од Вашата партија. зарем човекот кој што направи три-четири коалиции и после два-три месеци не можеше да ги одржи тие коалиции, зар човекот кој цело ова време почна тикови да има, зар ваш предлог како премиер ќе биде тој човек.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, личен опис да не се изнесува овде.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Знаете ли што ми одговори тој пријател од СДСМ? Ми вели, па ќе пробаме, ќе видиме, може би ќе го биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине Пандов, јас незнам каде се најдовте во мојата дискусија или каде се препознавте. Намерно кога немате аргументи викате овде по некого, така почнавте сега да викате, да се враќате на период пред 3-4 години, кога јас сум бил дирктор дека станале многу босови итн.

Прво, и основно, јас Илија Илоски пред македонската јавност тврдам дека додека бев директор на Царината јас бев цар за она што е сега царината и директор на царината. Впрочем, народот дава, народот зема, како таков од функцијата директор на царината јас бев кандидиран за пратеник во изборна единица 49, што е прилично проблематична со политичката проминиенција и бев во прв круг избран, што значи ако народот требало да ме казни тогаш политички не ме казнил токму таков каков што сум бил.

Второ, господине Пандов вие апсолутно со уште неколку ваши колеги, секогаш кога се говори за некоја тема бегате од темата и мислите дека некого ќе го изместите од лежиштето да не може никако да ви одговори. Затоа, добро е да го следите она што го говорев јас и во мојот настап на некои емоции, што може би се дисквалификувани за некого од овој парламент, меѓутоа, јас си имав лична релација со тој човек на кого му се обраќав и мислам дека никој не може тоа ниту да ми го додаде ниту да ми го одземе. Навистина е грубо кршење и на Деловникот, а и на

вашиот личен однос како колега пратеник да одите со лични дисквалификации.

И сега сакам г-дине претседателе и на вас да ви укажам. Каде јас говорев за царините за незнам какви економски состојби во државата, митото, корупцијата, па Пандов да се најде тука а вие да не го опомените барем, туку блажено да се насмевнувате таму, а кога гже говори пратеник од опозицијата вие велите искучете му го микрофонот. Затоа, токму и од лошо водените седници и процедури, ние навистина...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега, исклучете му го микрофонот на г-динот Илија Илоски.

Сега, апелирам, ве молам, да работиме за ова за што сме се собрале што е на дневен ред. Оддамна има тенденција да се сведат сите работи на дисквалификации политички на личности, поединци, на партии. Повеќе се работи за сметка на 15 септември, одколку да си ја завршиме денешната работа.

Не ве опоменав, а се обраќавте лично. Овде лични обраќања не се допуштени во парламентот. Се обраќате на парламентот, а не на човекот кој го пресирате. Сакате да му ја побуните совеста, сакате да го притиснете да нема образ пред своите. Тоа е безобразлук, тоа е недопуштено, невоспитано е тоа. Така во парламент не се зборува. Не ве прекинав, бидејќи мислев дека давате една насока која сами ќе си ја осудите.

Исто така, и вам ви велам, дајте да работиме, преста нете со овие пресметки, тоа никаде не води. Внуци мешате, се што зборувате овде. Тоа е недопуштено, тоа е далеку од едно домашно воспитание, а да не кажам дека во парламентот тоа не се прави, тоа е недопуштено. Одите на лични дисквалификации. Тоа е невозможно. Такви пресии не се вршат на луѓето. Некоја цел сакате да постигнете, ама ја постигнувате на нечовечки начин. Тоа е невозможно. Зборувајте за темата која е овде, и ништо понатаму.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас имам реплика на вас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можете на мене реплика да имате г-дине Илија Илоски. Вие немате право да имате реплика на мене.

За реплика се јави г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас сум 20-тина години во политикава и не скокнав од еднаш од улица право во неа. Сум навикнал на разни глупости, на разни измислици, на луѓе кои немаат три чисти да го спомнуваат моето име во разни контексти, на луѓе кои што не неправиле ништо во животот, буквално ништо, исто така да го употребуваат моето име, но тоа се разбира ќе продолжи така, така е во политиката. Секој се претставува таков каков што е и секој изнесува аргументи такви какви што се има или измислува такви какви што неговата имагинација и неговиот интелектуален капацитет може да му дозволи. На тоа воопшто не се чудам, но, на некои работи нема поправка, нема исправка и едноставно некои работи немаат решение.

Се разбира нема решение ако некој една анегдота спомната за ромите се обиде да ја искористи на таков начин на: каков што сака да ја искористи. Друг пат ќе кажам анегдота за власите, ги има безброј. Има анегдоти за србите безброј, има за македонците анегдоти безброј, друг пат ќе ги кажам тие анегдоти и навистина ќе бидам радознал дали на истиот начин, со истиот ум некој ќе се обидува да ги третира дали како навреда или нешто сосема друго.

Господинот бил "шокиран" од анегдотата. Млад колега овда и навистина може да биде шокиран, јас мислам дека целиот мандат а шокиран овој млад господин. Шокиран е од тоа што се нашол во адна улога што не е способен да ја носи, на е способан затоа што да добиете нешто во животот а пред тоа ништо да на сторита, нашто ви паднало од набо, од Господ, и виа тоа не знаете да го цените. Овој господин на знае да ја цени оваа функција.

За овој млад господин Пандов, ме зачудува каков човек е со 27-28 години влезе во Парламентот, сага не знам колку има точно и на ме интересира многу, како на таа возраст млад човак останува баз трошка идеали, да се сведа на таков вулгарен прагматичар, на утилитарист, на дневен користољубец, на таа возраст?! Замислета што од човек ќе стане кога ќе има 40-50-60 години, кога сега на 28 години човакот на гледа ништо? Гласа за апашита, за сакој предлог. Гласа за антимакедонци. Гласа за разделување на Република Македонија. Ништо тој не виде лошо работењето на сопствената партија. Се е добро во неговата партија. Со 28 години. Ништо не му засмета, ниту една состојба во Република Македонија. Цело време на овој млад господин му пречи минатото.

Минатото а минатото. Сегашноста е полоша од минатото. Нему тоа не му пречи. Без трошка идеал. Тоа значи дака ако сага е тоа, кога ќа стане 40-50, кога обично спласнуваат некои идеали кај некои луѓе од разни причини, кога накои са уморуваат од оправдани, наоправдани причини, овој млад човак можема да очакувама да се претвори само во монструм. Во ништо друго.

И вие можете да говорите за Гошев што сакате. И за коалиции и за партии. Зборуваше и вашиот лидер пред некој ден. Гошев бил во СКМ и Гошев бил во оваа втора партија, во ниту една друга. Вашиот лидер баше во СКМ, беше во МААК, па беше во ВМРО-ДПМНЕ. Вашите коалициони партнери прават коалиции семожни. Гошев тешко прави коалиција. Тоа е точно. Гошев не прави коалиција. Многу внимава да направи коалиции со апаши и антимакедонци. И нема никогаш да направи коалиција со апаши и антимакедонци. Во тоа бидете сигурни, па макар 15 илјади пати не влегол во власта.

(Повеќе пратеници се јавуваат за реплика).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од половина час.

Оладете се малку луѓе, дајте да работиме овде.

(Пауза од 16,00 до 16,50 часот).

Продолжуваме со претресот.

Ве молам седнете на своите места.

Продолжуваме со претрес по Предлогот Николчо Николовски да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

За реплика се јави г. Пандов Александар.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Благодарам претседателе.

Мојата реплика се однесува на г. Гошев и сакам да му одговорам на неколку работи што ги спомна тука, што чувствувам дека ги кажа повторно извртено.

Имено, прва работа што сакам да ви одговорам г. Гошев е дека моето влегување во политика е вистина на помал број на години, со бил, но сум бил мотивиран од две главни причини: Прва причина што партијата ВМРО-ДПМНЕ ми нудела тоа што сум сакал да го слушнам, а тоа е суверена Македонија и македонско национално единство. Понатаму да не ги кажувам политичките определби на мојата партија. Но, тоа биле двете главни работи поради кој сум влегол.

Втората причина, господине Гошев, зошто сум влегол да се занимавам со политика сте токму вие и таквите како вас да бидат тргнати од македонската политичка сцена. Затоа што сум сфатил дека патот по кој што ја водите Македонија е многу погрешен и сум верувал во тоа дека има други луѓе кои ќе дојдат на ваше место и ќе ја сменат таа работа.

Втора работе г. Гошев ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само ве молам немојте репликата да ја сведете на лични пресметки.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Не е ова лична пресметка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Лични пресметки се.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Да, но г. Гошев 5 мин. говореше за мене.

Втора работа г. Гошев, тука говоревте дека никогаш нема да ви се случи вам да поддржите или пак да не дај боже коалицирате со апаши, со хокштаплери, да поддржувата Влада што е таква. И, ќе ве потсетам г. Гошев, од истата оваа говорница, можеби видоизменета пред неколк години, вие имате кажано дека во единица време и единица простор г. Црвенковски има украдено повеќе пари колку што османлиите успеале за 5 века турско ропство во Македонија да украдат. Тоа се ваши зборови и тука постојат стенограми што можеме да ги видиме.

На вашите партиски собирања, гледавме пред некое одредено време, како зборувате дека најголемите апаши, најголемите хокштаплери, дека Македонија ја направиле "банана држава", дека половина и повеќе од кабинетот на г. Црвенковски е криминализиран, дека тие се занимаваат со вакви, со онакви работи, дека земале станови, дека не знам што правеле, вие тоа го зборувавте г. Гошев. Вие. На крајот на краиштата па заборавивте тогаш како и сега дека бевте лидер на таа партија и дека како лидер на таа партија сте ги создавале тие кадри кои биле во таа партија.

Конечно, г. Гошев, околу анегдотата ваша, само ќе ви кажам со тоа кажувате каков е вашиот однос со новиот коалиционен партнер, како ги доживувате и во претходната точка, да не заборавам и сега вие ни срам ни перде, со г. Рафет Муминовиќ и со г. Црвенковски, за кого јас не велам дека е апаш, вие тоа сте го зборувале, се држите рака под рака, се гушкате, се бакнувате таму. Како не ви е срам и сега тука излегувате на мене да ми зборувате. Па јас имам 30 години.

Кажете ми конкретно што мене можете да ми забележите во овој период што сум прикажал во моето политичко делување. Вам ви кажувам дека вие тоа што го зборувате, после година дена плукате на тоа. Дека вие ќе направите коалиција со политичка партија, со мојата политичка партија сте направиле и после 3 месеци ја раскинувате. Тоа повторно ќе го направите. Се чудам на нив што имаат потреба сега со таков лузер како вас да го прават ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму.

Реплика има г. Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не би сакал да бидам веќе банален во Парламентот туку се јавив за реплика за понатаму, во интерес на Собранието на Република Македонија и на моите колеги и да не ја малтретираме македонската јавност, нормално, сето ова што го кажа г. Гошев мислам дека нема потреба понатаму да реплицирам. Затоа што сега беше пауза во Собраниево, излегов малку во центарот на градов и сите ми рекоа - дај Амди, малку одби на глупости, седи си мирен и така.

Јас се повлекувам од сите работи во интерес на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Гошев се јавува пак за реплика.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

На мојот млад колега ВМРО-ДПМНЕ му ги исполнило соништата што му нудел самостојна Македонија и национално единство.

Вашиот претседател, г. Георгиевски, 1990 година ...

(Дофрлање од место)

Ај, не ми кажувајте вие што да зборувам. Ај ве молам не ми кажувајте.

... 1990 година пред продавницата "Спорт", врнеше дожд, ме сретна и сакаше да се запознае со мене. И господинот ми честиташе за она што сум го правел за Република Македонија. Вашиот претседател. Се разбира, вие сте млад и како што велите имате 30 години и само тоа е точно од вашата дискусија. Друго не знаете. Тој ваш ист претседател, кога стана премиер и кога ги доби изборите, првата понуда што беше од него беше да заминам во странство во интерес на македонското национално единство. Многу интересна борба за македонско национално единство.

А, дали вие направивте нешто за македонското национално единство, за цврстината на Македонската самостојна држава, останате да проценат граѓаните на Република Македонија. И сите демагогии, сите лаги, верувајта, наскоро ќе паднат во вода. Се разбира, ако при тоа издржи Македонија со ваква битка за македонско национално единство.

Тоа што сум го рекол 1994, 1995, 1996 година и она што сум го рекол 1990 и пред 1990 година, истото го потпишувам и денеска. За се. Но вие (дофрлање од место)... Не. Тоа се негови зборови.

Меѓутоа, од 1990 година натаму вашата партија зборуваше исто така за корупцијата во Македонија. Вашиот лидер на брановите на тие заложби освојуваше гласови во Република Македонија. Корупцијата, се разбира, постоеше и во претходниот период. И тоа што господата преку "Сител" го цитираа јас и денеска го тврдам истото. Некои од тие господа не се во политиката. Отстранети се. Дали ќе се вратат, ќе видиме. Но не се во политиката.

Ве прашувам вас, ако толку многу зборувате за корупцијата и ако се согласувавте дека некои личности беа корумпирани, зошто кога дојдовте на власт не направивта ништо против корупцијата? Дали заради тоа што се затрчавте да земете што повеќе, да ги надминете сите до сога корумпирани личности што Македонија ги имала од нејзиното постоење. Малку ли примери на корупција има во Македонија во овој период, а ниту еднаш не можете да проговорите за тоа. Јас напуштив партија што беше на власт. Не напуштив партија што беша во опозиција, па да влезам во партија на власт, да калкулирам со мои лични интераси. Направете го вие тоа (дофрлање од место)...

Никој не ме избркал, бидете сигурни.

Направете вие таков чекор, одбијте вие некоја функција што ви се нуди, макар курирска. Одбијте една таква функција.

(Дофрлање од место).

Немавте вие можност 1992 година да правите влада, затоа што јас бев во тие преговори и знам што можевте да добиете, а што не. Имавте 38 пратеници и толку. (Дофрлање од место). Не можевте. Не можевте да направите.

Господине Пандов, завртетесе во сопствените редови, во партијата ваша што прави. Измерете ги резултатите и последиците од владеењето на вашата партија. Кажете една работа што не чини, макар и една работа,

најлесна што е направена, што не чини во овој период, па да речам браво, момчево почнало да се поправа. Вака, ви нема поправка. Дефинитивно.

(Пратеникот Вангел Симев бара збор процедурално).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е процедурално, туку овде има уште една реплика. Седете вие таму, јавени сте, ќе ви дадам збор кога ќе треба.

Има збор г. Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Благодарам господине претседателе.

Господине Гошев, мене ми е непријатно дури да говорам за нешто што не сум бил активен чинител, меѓутоа и 1991 и 1992 година, јас бев член на ВМРО-ДПМНЕ и добро се сеќавам дека тој мандат ние имавме најголем број на пратеници. Дека г. Киро Глигоров го даде мандатот на претседателот Георгиевски. Претседателот Георгиевски од, на сите веќе добро познати причини, го одби тој мандат и одби да биде премиер и ВМРО да има влада.

Второ, господине Гошев, немој да заборавите дека 1997 и 1998 година г. Црвенковски на сите трибини, на се velеше дека постои сериозен октопод, дека со тој октопод ќе се справи и неуспеа да се справи и тие пипци на тој октопод и ден денеска, дел од нив се тука денеска во Собранието. Факт е дека ниту многу помоќни држави од македонската, ниту многу помоќни администрации од македонската што е и онаква каква што ја наследивме, не можат да успеат за година две, особено во ситуација кога една година сме имале 350 илјади бегалци и еден куп гранати што летале и авиони над нашата држава и втора година во која што сме имале воена криза да успеат за толку краток период да ја искоренат корупцијата. Значи, никој не говори дека во Македонија нема оставтиштини на корупција, дека не постои. Но дека апсолутно ВМРО-ДПМНЕ прави конкретни чекори, во Собранието носи конкретни закони за сречување на таа корупција.

Конечно, сега не знам кој весник е ова, еве "Дневник", невработеност, па отворете, сега би било глупо да ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, добро, добро, нема да читаме весници. Јас ве молам, вака ...

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Да ја завршам мислата претседателе. Еве, една работа само ќе кажам.

Девизните депозити на населението во милиони евра, ако може претседателе ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вака сега, јас ќе дадам пауза, ќе ја прекинам седницата, пак пауза од 15 мин. и апел до координаторите на пратеничките групи да си ги средат состојбите.

15 мин. пауза. Да останете тука. Јас ве молам, не можеме да се вратиме на точката за која што расправаме. Сега расправаме за 1990, 1991, пред 1990 година, кој што кажал, немојте така. Треба да работиме овде.

И второ, овие лични исповеди овде се непотребни комплетно. Не можеме да расправаме за тоа.

(Реакции од одредени пратеници).

Седете си мирно, нема веќе тука итрини.

Давам пауза од 15 минути.

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 17,20 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа. Продолжуваме со работа по претресот по Предлогот Никола Николовски да биде судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Има збор господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас пред да почнам со дискусија, би сакал да направам

една мала дигресија по две работи. Без разлика на некои што се активирале во политиката, затоа што сакале да ги надминат некои состојби кои што ги промовирал Петар Гошев, јас сум еден од оние што токму, поради промоцијата на политиката на Перо Гошев се активираа во политиката и многумина такви познавам. Сега не кажувам ни плус ни минус за Петар Гошев, сакам да кажам дека не има различни во мотивите и фала богу што не има различни во мотивите и во определбите и во мислешето, а кој е на вистинскиот пат што го експлоатираат многу ќе покаже идни-ната и времето, она што е пред нас.

Втората дигресија што сакам да ја кажам, што ја деман-тира господинот министер за внатрешни работи Љубе Бошковски нека вле-зе овде затоа што ми падна симптоматично дека пред јас да земам збор тој излезе од салата и сакам да му порачам да ;не се плаши од мене, затоа што податоците кои ги имате примено дека можам да ве дескомпирирам по некои

односи, нема тоа да го направам. Сега што се разви дискусија по ова прашање, но бев спомнат тука господине Илија Илоски за волја на вистината изборот на предложениот кандидат Никола Николовски на Македонија нема да и претежне премногу од се она што се случуваше досега. Граѓаните на Република Македонија ќе го издржат и тоа преку дерогирање на институацијата Врховен суд на Република Македонија и ќе треба додатна енергија тоа во натамошниот период да се исправи. Немам илузии дека на некој начин со овие дискусии што се водат овде дека ќе го отстраниме тоа. Вие тоа што сте го намериле и ќе го исполните и ќе го извршите, така барем досега во практиката се покажало. Без разлика на аргументацијата и така натаму, но веројатно, еден ден кога ќе бидете во опозиција ќе имате повеќе време да се занимавате со мисловните процеси, наместо со оперативни задолженија, ќе се потсетувате на овие дискусии дека на време некој ви укажувал и дека од икс причини окупирани четиричасовно оперативно, не сте имале доволно време да обрнте внимание на она што сте го кажале.

Сакам да укажам на следното, дека предложениот господин не ги исполнува посебните услови за кандидат за Врховниот суд на Република Македонија. Тоа многу добро го знаат и господинот Десковски игосподинот Томислав Стојановски, кога зборуваше за квалификациите за посебните услови кажувам и другите правници кои се занимаваат и кои го познаваат правосудниот систем. Веројатно го знаат и оние што му дале поддршка на тајното гласање на судскиот совет, особено ако позицијата на член на судија на Врховниот суд се содржи со надлежностите што ги има Врховниот суд.

Јас тврдам дека овој господин ги исполнува условите да биде кандидат и евентуално ако е добар, јас лично не го ни познавам стручно, ниту од јавноста и тн., само од тие податоци што се тука предложени и од она што беше кажано. Мислам дека од сето тоа што е кажано е приложено дека тој ги исполнува условите за судија во основниот суд.Со оглед на тоа ако се поврзат неговите општи и посебни услови што ги има со надлежностите на Основниот суд, но да биде судија на Апелациониот суд или може да се каже дека ги исполнува условите да биде судија на поранешните окружни судови, би имал поинаква надлежност. Но ако тврдам дека сега не ги исполнува посебните услови да биде судија на Апелациониот суд затао што сега има изместена позиција, а неможе никако да стане збор да ги исполнува посебните услови за судија на Врховниот суд. Основните надлежности на Врховниот суд, ние како што сме ги донеле во овој Парламент и по уставниот систем, прочитајте ги и погледнете ги. Што пишува во Законот. Што работи. Основната надлежност на тој суд не е судење. Тој постапува по вонредни правни лекови. За да се постапи по вонреден правен лек, треба да се има доволно искуство. Не законот случајно дојде 12 години да има судиска практика на застапување на предмети. Тоа реков дека е доволно да се биде судија на основен суд. Туку, практика стекната, да се познава правосудниот систем од вна-тре, да се знае како функционираат сите негови делови, да се знае техно-логијата на носење на одлуки, целокупниот тој процес, да се врши ре-визија и контрола на работење на пониските судови. Тој човек ако не го бирате со намера за еднократна употреба, утре, задутре ќе го девалви-рате пред пониските негови колеги во хиерархијата што се поставува. Јас уште еднаш кажувам може тој во тој дел да го компензира во зависност од неговите интелектуални и ментални можности, но јас лично не го познавам човекот и така натаму. Но до крај, професионално и стручно никако не може тоа да го надокнади, ако не поминел низ таа машина од приправнив основен суд, до стручен соработник во еден период судија за судење, во граѓанско одделение, па во кривично одделение, па да расте понатаму, да има добри оценки низ годините па да се појавил на дополнителни струч-ни унапредувања што ги организира здруженијата и други асоцијации и тн., да биде запазен во јавноста и на крајот да биде верифициран за судија на Врховниот суд.

Мене ми е жал што го изложивте човекот во ваква позиција да можеме да кажуваме, јас се извинувам пред се, веројатно и тој гледа јавноста го познава лично, дека не се работи за неговата личност, бидејќи јас не го ни знам човекот што го спомнуваат во весниците пред извесен период кога станува актуелен и предложен и тн. Тоа е едната работа. Треба објективно да и погледнеме на таа работа. Мислам тие факти стојат, без разлика на дигање на раце, не може никој тоа да го побие и да го одбрани.

Втората работа што сакам да ја потенцирам од излагањето нагосподинот претсдател на Републичкиот судски совет во врска со неговото излагање,

во врска со овој кандидат што излезе на говорница, повторна кажа неколку работи. Јас незнам зошто господинот Десковски се плаши, или зошто до крај не ја кажува технологијата или начинот на кој Републичкиот судски совет доаѓа до предлози. Од она што јас случајно сум запазил нешто, затоа што бев две години претседател на Комисијата за избори и именувања, 1995-1996 година, а си дадов и оставка во Собранието на таа функција, само да ве потсетам, а ќе кажам зошто.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Што не интересира и што има врска со тоа.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Има врска тоа и тоа голема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да упаѓате.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе слушнете сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да упаѓате. Оставете го човекот до крај да се искаже.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

За господата кандидати се прибавува мислење. Мислење согласно законот од надлежни, стручни органи. Каде е мислењето од Врховниот суд.

Второ, мислењето што го гради Врховниот суд, претходно го гради врз основа на пишани правила интерни што ги има. Каде се тие правила. Дали се нарушени. Ова не случајно го зборувам. затоа што во едно време мое кога бев во Комисијата за избори и именувања, во име на Комисијата јас се обратив до тогашниот судски совет за еден конкретен случај и тогашната јавност преку медиумите ме нападна дека јас сакам да вршам ревизија на одлуките на Републичкиот судски совет како претседател на Комисијата и тогашниот претседател на Собранието на Република Македонија господинот Стојан Андов, не сега овој Стојан Андов друг е ми испрати допис официјален акт кој постои во архивата и кој рече со оглед на член тој и тој од Деловникот за работа на Со-бранието на РМ, јас сум надлежен да го толкувам деловникот и од денеска нема да ви ги доставувам предлозите од судскиот совет на Комисијата за давање на мислење. Тој документ постои во архивата во Кабинетот на претседателот на Собранието уредно заверен и во Комисијата за избор и именувања.

Со оглед дека јас реагирав интерно на таа одлука, нормално, интерно реагираше и Комисијата во натамошната постапка веќе претседателот не ги доставуваше предлозите од Републичкиот судски совет на мислење до Комисијата за избори и именувања и се случија добар дел на избори до ова Собрание без мислење на Комисијата за избори и именувања.

Јас мислев дека во таква ситуација треба да поднесам одговорност и дека неможам да ја вршам функцијата и си поднесов писмена оставка на функцијата претседател на Комисијата за избори и именувања. Таа практика потоа продолжи и со наследувањето со изборот на господинот Тито Петковски по инерција веројатно извесен период но и кога беше избран нов претседател, по извесно време се укина таа одлука, а гледаме сега дека господинот Стојан Андов не си го почитува сопственото толкување што го даде во 1996 година и ми го упати тогаш мене како претседател на Комисијата за избори и именувања.

Во секој случај треба отворено да се каже дека постои манипулација со човекот како кандидат дека дезавуирано е мислењето на стручните органи, надлежни согласно Законот за судовите, пред се Врховниот суд и незнам по кој пат треба тоа да се констатира. Имаме очигледни нормативни слабости во конституирањето, во изборот на судиите во Република Македонија. Веројатно, тоа ќе остане задача приоритетна, итна со оглед на интенциите, намерите што ги има во однос на интеграцијата во евроатланските структури со побрза динамика тоа да се прави тој систем да се подобри. Да не се манипулира со стручноста, професионалноста на изборот на кадри и заправо со тоа што се работи директно против интересите на институциите во Република Македонија, против интересите на граѓаните на РМ и против интересите на државата во целина. Ако ги забавуваме тие процеси да ја поставиме судската власт на вистин-ско место онака како што и прилега во сите парламентарни и демократски држави. Јас нема во овој случај да го земам за заложник претседателот на Републичкиот судски совет, затоа што сум му дал поддршка своевремено за негов избор за член на Републичкиот судски совет, само сакам да потсетам дека тој судски совет претходниот претседател што го спомна господинот Рафајловски, имаше доблест по паѓање на неколку одлуки, предложени од судскиот совет си поднесе оставка на

функцијата претседател на Републичкиот судски совет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Флоровски по четврти или пети пат се јавуваше Сега е подобро да се повлече за да го заклучиме претресот.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ако се повлечат другите дискутанти и јас би се повлекол. Но треба да ги повикате другите да не дискутираат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги и господин

претседател на РСС, дозволете да се изјаснам во врска со точката која вие ни ја предлагате денеска на дневен ред.

Јас уште од почетокот кога оваа точка се стави на дневен ред и сеуште како тече расправате, уште подлабоко сум уверен дека Парламентот се наоѓа пред погрешна одлука и дека Републичкиот судски совет на Парламентот му достави погрешен предлог. Предлог, за кој се согласувам со колегите кои тоа го спомнаа, ниту го штити угледот на Републичкиот судски совет, ниту води грижа за угледот и достоинството на Парламен/тот кога нешто му предлага, ниту пак, на крајот на краиштата е во функција на продлабочуваше на судството во Република Македонија и неговото натамошно развивање, а длабоко сум уверен дека ваквата одлука е на штета на граѓаните, на нивната правна заштита, па дури, мислам на нивните човекови права.

Дозволете со неколку збора накратко зошто давам вакви, можеби за некој ќе бидат и строги квалификации.

Пред да продолжам да говорам, за разлика од многу луѓе кои се изјаснуваат дека за кандидатот разговараме врз основа на неговата кандидатура од Републичкиот судски совет, кога веќе земав збор, должност ми е и пред господинот Николовски да соопштам тоа што и тој лично го знае дека ние се знаеме 20 години;и не треба тоа да се свати дека ова наше познанство сака да резултира со исто видување на работите кога особено што веќе десет години сме на спротивните страни од политичкиот плурализам во Република Македонија. Јас лично мислам дека дури и Партијата ВМРО-ДПМНЕ во овој случај прави грешка, затоа што еден поистакнат член кој придонел за развој на партијата,можеше во текот на четирогодишното работење да го употреби, условно да кажам на многу покорисни функции, во Владата, во мнистерствата, заменички функции, јавни претпријатија, каде што и партијата и тој ќе бенифицира; од неговото познавање на работите во областа во која работел со трговското друштво "Макошпед" како што тука пишува.Меѓутоа, мислам дека е погрешна одлуката. Мислам дека Судскиот совет во овој случај е паднат под сериозен против уставен, против законски притисок од страна на политичките партии при предлагањето на кандидати во Собранието на Република Македонија, што исто така е против уставно.

Републичкиот судски совет е должен, кога предлага пред пратениците тоа да го прави врз основа на досегашната работа на кандидатите кои ги предлага за соодветна функција. Можам и да разберам кога и во основните судови кога се предлагаат кандидати кои имаат некакво искуство од судството кое е индиректно, како во овој случај или никакво. Меѓутоа никогаш неможам да сватам кога судскиот совет предлага кандидати за највисоката судска власт, за Врховниот суд кои досега немаат никакво судско искуство и се прашувам зошто, на пример претседателот на Републичкиот судски совет во два наврати ја игнорира изјавата на г-динот Петковски да ни соопшти, врз основа на увид во која работа е предложен кандидатот за претседател на Врховниот суд. Дали судскиот совет, согласно со своите надлежности има увид во работата на правниците во трговските друштва, ја следел нивната работа и врз основа на тоа ни предлага кандидат за врховен суд. Апсурдно е да се мисли дека е така, апсурдно е да се прашува, меѓутоа мислам дека сепак г-динот претседател на Судскиот совет ни должи одлука, со оглед; на тоа што со Законот за Републички судски совет, Советот ја следи работата на судството и на судиите и врз основа на тоа ни предлага именувања, разрешувања, унапредувања во повисоки судски звања. Дали тој ја следел работата на кандидатот до функцијата на судија на Врховен суд. Очигледно дека не ја следел и врз основа на тоа можам да донесам заклучок, до колку нешто поинаку не каже претседателот на Републичкиот судски совет, меѓутоа кога тој молчи можам да го извлечам заклучокот дека критериумите кои се применети не се врз основа на сле-дење на неговата стручна

работа, од страна на Републичкиот судски совет, туку врз основа на екстерни инпути или надворешни влијанија во работата на Републичкиот судски совет.

Мојот почитуван колега пратеник и почитуван колега координатор со кој еве четири години на некој начин соработуваме или продуктивно се конфронтираме, г-динот Кралевски, имаше едно излагање во Парламентот во кое соопшти дека не е тајна и дека е точно дека кандидатот за Врховен суд на РМ е член на владеачката партија и дека е еден од истакнатите и заслужни членови, ако можам да го парафразирам, во работата на ВМРО-ДПМНЕ.

Уверен сум, знаејќи го Чедомир Кралевски, дека тој тоа не го кажа случајно и дека му се познати работите во партијата чиј координатор е. Ако е тоа така, јас сега Г. претседателе на Судскиот совет барам и го имам како право по Уставот, кога се предлагаат предлози пред Парламентот да ве прашам вас, дали г-дине претседателе на Републичкиот судски совет, вас и на Судскиот совет ви беше познат фактот кој денес во расправата е изнесен, а тоа е дека г-динот Николовски како кандидат за член на Врховниот суд на Македонија е член на една од политичките партии и тоа истакнат член, и дали, вие кога го кандидиравте за функција, член на Врховниот суд го имавте предвид овој факт кој денес непобитно е изнесен во Собранието на РМ, особено заради тоа што во членот 100 од Уставот на РМ, а тоа е членот 100 став 3 пишува "судската функција е неспоива со вршење на друга јавна функција и професија, или со членување во политичка партија".

Со оглед на тоа што сега имате формален доказ за неговото членвство во политичка партија, а тоа е спротивно на членот 100 од Уставот на РМ, ве молам да не запознаете дали овој факт го имавте предвид кога сте го предлагале г-динот Николовски за кандидат за судија на Врховниот суд и ако сте го имале предвид, сошто сте занемарвле еден од најбитните уставни критериуми, некој да може или да неможе да биде предложен за носител на судска функција.

Мислам дека од тоа многу ќе зависи натамошната работана Парламентот. Дали вие тоа сте го имале предвид.

